

***Коце Трајановски***
Претседател на ЗЕЛС



***Душица Перишиќ***
Извршен директор на ЗЕЛС

Со задоволство можеме да констатираме дека 2008 година претставуваше уште една успешна година во работењето на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС), единствената национална асоцијација на општините во нашата земја. Оваа, 2008 година, особено ќе ја помниме по тоа што ЗЕЛС, за прв пат, после 36 години постоење, се всели во сопствена административна зграда, која ја нарековме „Куќа на општините”, бидејќи претставува вистински „дом” на сите општини. Тука, речиси секојдневно доаѓаат или се собираат претставниците од општините, ги изнесуваат своите проблеми и мислења, дебатираат на рамноправна основа и донесуваат заеднички ставови кои секогаш одат во правец на подобрување на условите за работење на локалните власти и развивање на процесот на децентрализација на власта. Токму затоа, на сите оние што го дадоа својот придонес за реализација на овој голем проект, а особено на ЕАР, која финансиски ја поддржа изградбата на целиот објект, ЗЕЛС им ја изразува својата благодарност за дадената поддршка.

Во текот на јули, 2008 година, беа спроведени парламентарни избори, по кои дојде до промена во раководството на ЗЕЛС. Дотогашниот претседател на ЗЕЛС, Андреј Петров, кој ја доби поддршката на граѓаните и стана пратеник во Парламентот на РМ, го наследи дотогашниот потпретседател Коце Трајановски. Градоначалникот Невзат Бејта продолжи да ја врши потпретседателската функција заедно со новоизбраниот, втор потпретседател на ЗЕЛС, Љубомир Јанев.

До крајот на 2008 година, 68 општини ги исполнија условите за влез во втората фаза од фискалната децентрализација, што претставува уште еден голем успех за ЗЕЛС. Всушност, ЗЕЛС уште на почетокот на годината организира проект со кој им даде поддршка на голем број општини за надминување на недостатоците околу исполнувањето на потребните услови и истовремено водеше активни преговори со централната власт, за преземање дополнителни мерки и активности за деблокирање на сметките на општините чии долгови се наследени уште од периодот пред започнувањето на децентрализацијата на власта во земјата. Во 2008 година ЗЕЛС спроведе бројни обуки за општинската администрација, издаде неколку брошури и прирачници за подобро спроведување на процесот на децентрализација, реализира низа проекти со општините… Особено сме горди на постигнувањето на одредени законски измени од важност за општините, меѓу кои се Законот за централен регистар и Законот за градежно земјиште. Исто така од особено значење е и формирањето на собраниската Комисија за локална самоуправа. Беше подготвена и електронска база на податоци од општините од областа на фи-

нансиите, беше изготвен документ „Политика за земјиштето на ЗЕЛС - насочена кон европските практики за општинско управување со земјиштето", а ЗЕЛС посвети внимание и на предложувањето на законски решенија за третман на бесправно изградени градби и неформални населби и беа дадени низа предлози за објективно спроведување на постапките поврзани со доделувањето на концесиите за земјоделското земјиште.

Беа организирани повеќе седници на Управниот одбор на ЗЕЛС, одржано едно Генерално собрание, средби со министри, амбасадори и со претставници на Владата на РМ предводени од премиерот Никола Груевски. Сето тоа покажува дека ЗЕЛС во општествени рамки е етаблиран на релативно високо ниво и претставува достоен партнер на извршната власт во нашава земја, што претставува клучен дел од нејзината стратегија.

ЗЕЛС во своето работење продолжи со активностите на полето на градење и јакнење на капацитетите на локалната администрација во областа на финансиското работење, образованието, заштитата на животната средина, потоа во информатичката технологија, односите со јавноста, урбанизмот, зацврстувањето и унапредувањето на односите меѓу заедниците, а истовремено ја продлабочи и соработката со националните и локалните медиуми. Заедно со меѓународните партнери ЗЕЛС работеше и на воспоставувањето на принципите на транспарентност, етичност во работењето, лидерските стандарди и размената на најдобрите искуства, чие пошироко етаблирање придонесува за поттикнување и примена на добрите примери во повеќе локални заедници. ЗЕЛС континуирано ги реализира самозададените стратегиски цели за афирмација на локалните демократски вредности на нашата земја со продлабочување на соработката со бројни домашни и странски субјекти од областа на локалното владеење, а така ќе продолжи и во следниот период.

# ЗА ЗЕЛС

**ЗЕЛС претставува основна алка на поврзување на активностите на општините и претставник на нивните ставови пред централната власт. Со континуирана посветеност на заштитата и развојот на локалната самоуправа, ЗЕЛС се етаблира во достоен репрезент на ЕЛС и значаен партнер на Владата во спроведувањето и развојот на децентрализацијата на власта во земјава, а на петти март 2003 година беше потпишан Меморандум за соработка меѓу Владата на РМ и ЗЕЛС. ЗЕЛС беше во фокусот на интерес, особено во периодот на градењето на регулативата за децентрализацијата на власта, но и сега, при нејзината имплементација. Во изминатите три и пол години ЗЕЛС понуди голем број решенија за поуспешно спроведување на децентрализацијата, а нејзините активности особено беа насочени кон изнаоѓање правни основи за обезбедување поголема финансиска независност на ЕЛС. ЗЕЛС продолжува со реализација на целите за афирмација на локалните демократски вредности, засновани на принципите на деполитизираност, рамноправност на членките, лојалност, политичка независност и професионалност, кои се насочени во правец на градење на силна локална самоуправа во Република Македонија.**

# ВИЗИЈА:

**„ЗЕЛС е посветен на градење на систем на локална самоуправа по мерка на граѓаните, со единици на локалната самоуправа кои се успешни, ефикасни и финансиски независни"**

# МИСИЈА:

Национална асоцијација на единиците на локалната самоуправа која ги застапува и афирмира нивните интереси пред централната власт и јавноста и претставува центар за услуги од сферата на локалната самоуправа.

# СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ:

1. ЗЕЛС ќе ја има водечката улога во градењето и понатамошното усовршување на системот на локална самоуправа во Република Македонија;
2. ЗЕЛС ќе воспостави механизми за соодветно да одговори на потребите на сите членки;
3. ЗЕЛС ќе обезбеди финансиска одржливост/градење на дополнителни услуги;
4. ЗЕЛС ќе им помага на своите членки во пристапот до ЕУ-фондовите - линк меѓу фондовите на ЕУ и ЕЛС;

# ЧЛЕНСТВО И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**ЗЕЛС е член на:**

**CLRAE** - Конгрес на локалните и регионалните власти на Европа,

**CEMR** - Совет на европските општини и региони

**NALAS** - Мрежа на асоцијации на локалните власти од Југоисточна Европа.

**ALDA** - Асоцијација на агенции за локална демократија

# ОРГАНИ НА ЗЕЛС:

- **Генерално собрание**
- **Управен одбор**
- **Надзорен одбор**
- **Комитет на советите**

**Генералното собрание** е највисокиот орган на ЗЕЛС. Го сочинуваат 85 делегати, односно сите градоначалници на општините и градоначалникот на Град Скопје. Тоа донесува Статут, програма и други акти; **2.** Усвојува Годишен извештај, насоки и план за работа; **3.** Усвојува Финансиски план и Завршна сметка на Заедницата; **4.** Одлучува за промена на целта на здружувањето; **5.** Одлучува за основање и укинување на облици и организирање на Заедницата. **6.** Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации; **7.** Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето; **8.** Од својот состав избира и разрешува членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор; **9.** Одлучува за престанок на Заедницата со двотретинско мнозинство; **10.** Одлучува за други прашања што не се во надлежност на други органи на Заедницата; **11.** Врши и други работи во согласност со Статутот и општите акти на Заедницата.

## ОДРЖАНА ЕДНА СЕДНИЦА НА

# ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС





Во текот на 2008 година се одржа една седница на Генералното собрание на ЗЕЛС (22 декември, 2008 година, во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје), на која пред делегатите беа презентирани активностите што ги преземал ЗЕЛС во изминатиот период, постигнатите успеси и идните планови. На оваа седница се дискутираше и се изгласа воведување нов орган на ЗЕЛС - Комитет на советите, што претставуваше основ за измени во Статутот на ЗЕЛС. Комитетот ќе овозможи зајакнување на улогата на општинските совети во работењето на ЗЕЛС и ќе овозможи афирмација на улогата на општинските совети. На седницата беше усвоен предлогот за зголемување на членарината на членките на ЗЕЛС и наместо досегашните 3 денари, ќе изнесува 6 денари по жител во општината.

На Собранието беше потенцирано дека преку бројни активности, залагања и лобирања до централната власт, ЗЕЛС иницира и реализира промени на значителен број закони, како Законот за даноците на имот, Законот за комуналните такси, Законот за минералните суровини, Законот за централен регистар и други. Беше истакнато дека ЗЕЛС се фокусира кон изнаоѓање начини за обезбедување на финансиското јакнење на општините и префрлањето на сопственоста на градежното земјиште од централно на локално ниво. Се утврдува содржината на нова ефикасна методологија за проценка на данокот на имот, се развива софтверот со податоците од приходите и расходите на општините заради креирање на компаративни симулации за прикажување на реалните финансиски показатели за општините. Упатено е барање до централната власт за зголемување на зафаќањето од ДДВ, за општините, од сегашните 3 % на најмалку 6%. Беше потенцирано дека ЗЕЛС континуирано води разговори со централната власт за изнаоѓање адекватни решенија за преминување на сите општини во втората фаза на фискалната децентрализација. ЗЕЛС во преговорите со Владата ќе усогласи стратегија за справување со долговите на општините со блокирани сметки и обезбедување на бескаматни кредити за враќање на долговите. На барање на ЗЕЛС, по средбата на претставници од ЗЕЛС со претседателот на Собранието Трајко Вељаноски, формирана е Комисија за локална самоуправа, во рамките на Собранието на Р. Македонија, како постојано работно тело. Беше укажано дека ЗЕЛС аргументирано се спротивстави на донесувањето на Законот за меѓуопштинска соработка, потоа дека

преговараше со ЕВН — ЕСМ за долговите на општините и потпиша меморандум за соработка, а побара и ревизија на делбениот биланс на објектите во културата и спортот. Повеќе од половина од општините во земјава се рурални, па како резултат на тоа ЗЕЛС пред централната власт во изминатиот период постави голем број барања за подобрување на состојбите во руралните средини. Тие да бидат вклучени во постапката за управување и распределба на државното земјоделско земјиште. Беше изнесено дека ЗЕЛС организира и низа обуки за општинската администрација. Обуки од областа на финансиите, од областа на животната средина, ИТ-одделенијата, пожарникарите, ПР на општините и семинари со новинарите кои следат локална самоуправа.

На седницата беше усвоен **Финансискиот план** за работење на ЗЕЛС за 2009 година. Беше укажано дека 80% од приходите во ЗЕЛС доаѓаат како приходи од донации. Собирањето на членарината е отежнато и изнесува 50% од вкупната сума што треба да се добие од членарината на општините. За испразнетото место член на Управниот одбор беше изгласан градоначалникот на Општина Делчево, Мирко Иванов. По точката разно се говореше за штрајкот на СОНК и пристапот на општината во вакви ситуации при што беше укажано дека општините мора да останат неутрални при вакви законски утврдени состојби. Исто така, делегатите беа известени за разговорите што УО ги водеше со премиерот и со министрите од Владата на РМ.

**Управниот одбор** на ЗЕЛС брои 19 членови, кои се избираат на Генерално собрание, со мандат од две години. Според Статутот, најмалку 30% од членовите на претходниот состав се избираат во новиот, со цел обезбедување на континуитет во работењето. УО избира претседател и двајца потпретседатели. Одлучува за основање на комисии, краткорочни работни групи во рамките на ЗЕЛС. Го избира и разрешува извршниот директор. Управува и одговара за имотот на Заедницата и подготвува Годишен и периодичен извештај за својата работа. На 12 седница на УО на ЗЕЛС, одржана на 29 август, 2008 година со едногласна одлука беше избран нов состав на претседателството на ЗЕЛС. Градоначалникот на Општина Гази Баба, досегашен потпретседател на ЗЕЛС, беше избран за нов претседател на ЗЕЛС, поради повлекувањето од функцијата на дотогашниот претседател Андреј Петров, кој на парламентарните избори во јули беше избран за член на Парламентот на Р. Македонија. За нов потпретседател беше избран градоначалникот на Општина Кочани, Љубомир Јанев, а потпретседател на ЗЕЛС и натаму остана градоначалникот на Општина Гостивар, Невзат Бејта.

**Членови на Управниот одбор на ЗЕЛС:**

1. **Андреј Петров** - градоначалник на Општина Карпош и претседател на ЗЕЛС до јули 2008
2. **Коце Трајановски** - градоначалник на Општина Гази Баба, потпретседател на ЗЕЛС до 28 август 2008 година од кога е избран за нов претседател на ЗЕЛС
3. **Невзат Бејта** — градоначалник на Општина Гостивар - потпретседател на ЗЕЛС
4. **Љубомир Јанев** — градоначалник на Општина Кочани, потпретседател на ЗЕЛС од август, 2008 година
5. **Трифун Костовски** - градоначалник на Град Скопје
6. **Аце Коцевски** - градоначалник на Општина Велес
7. **Рами Ќерими** - градоначалник на Општина Теарце
8. **Марјан Ристески** - градоначалник на Општина Прилеп
9. **Ѓорѓи Кимов** - градоначалник на Општина Неготино
10. **Петре Латиновски** - градоначалник на Општина Бутел
11. **Беким Фазлиу** - градоначалник на Општина Сарај
12. **Лефкија Гажоска** - градоначалник на Општина Крушево
13. **Николче Чурлиновски** - градоначалник на Општина Валандово
14. **Изет Меџити** - градоначалник на Општина Чаир
15. **Александар Петрески** - градоначалник на Општина Охрид
16. **Владимир Талевски** - градоначалник на Општина Битола
17. **Сание Садику** - градоначалник на Општина Осломеј
18. **Борис Гаврилов** - градоначалник на Општина Карбинци
19. **Стојан Лазарев** - градоначалник на Општина Конче
20. **Мирко Иванов** - градоначалникот на Општина Делчево, избран во декември 2008 година, на местото на Андреј Петров.

## ОДРЖАНИ ШЕСТ СЕДНИЦИ НА
# УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС





Во текот на 2008 година беа одржани шест седници на Управниот одбор на ЗЕЛС. Членовите на УО на седниците ги разгледуваа најзначајните теми од работењето на единиците на локалната самоуправа, беа изнесувани одредени проблеми и донесувани единствени ставови за понатамошно дејствување и нивно решавање. На седниците, на почетокот на годината беа разгледувани информациите за Проектот на Светска банка за Програмата за финансиска поддршка на локалните власти за реконструкција и рехабилитација на регионалните и локалните патишта, што беше предвидено да се реализира преку заем од Владата, без обврска за вложување од страна на општините. Се дискутираше и за активното учество на општините во реализацијата на Проектот „Ден на дрвото - засади ја својата иднина" кој опфаќаше засадување на нови насади на опожарените парцели. Беа изгласани 11 претставници на ЗЕЛС и нивни заменици во Комитетот на региони на ЕУ, а беа донесени одлуки за склучување на меморандуми за соработка со сродни асоцијации на ЗЕЛС од земјите од Југоисточна Европа. На 8 јули, на седница на УО во Општина Чаир, претседателот на ЗЕЛС, Андреј Петров се поздрави со своите досегашни колеги, пред заминувањето како пратеник во Собранието на РМ, а на 29 август, во просториите на ЗЕЛС, членовите на УО едногласно за нов претседател го избраа градоначалникот на Општина Гази Баба, Коце Трајановски. Општините и во текот на оваа година се соочуваа со проблеми во образованието, при што на некои им беа одземени надлежностите. Одредени недоразбирања со МОН имаше и во однос на обезбедувањето на превозот на учениците од средните училишта, бидејќи од 1 септември и средното образование стана задолжително. Беше констатирано дека буџетските средства за образование треба да се зголемат на најмалку 1,7 милиони денари. Дискусиите и ставовите на локалните власти за управувањето со градежното земјиште, како значајна можност за зголемување на изворните приходи на општината и како можност за развој на локалната економија, сè повеќе се интензивираа. Беше констатирано дека законските

измени со кои општините добиваат 80% при продажбата на градежното земјиште се во полза на локалните власти, но сепак тие и натаму остануваат на ставот дека градежното земјиште треба да се префрли на општините. Исто така беше посочено дека во одредени општини утврдени цени за продажба на државно неизградено градежно земјиште не се пазарни, при што беше побарано донесување на соодветна методологија со јасни критериуми за определување на цената на ова земјиште. Беше разгледана информацијата за средствата од Буџетот на РМ наменети за финансирање на ДУП-овите на општините во вкупна вредност од два милиона денари. Се дискутираше и по однос на прашањето за Законот за легализација на нелегални градби и формирањето на Агенција која ќе помага во реализацијата на овој закон. Се реафирмираа ставовите на ЗЕЛС за измени во Законот за финансирање на ЕЛС, со цел создавање поголема финансиска стабилност на општините, како и на прашањата за зголемувањето на процентот од зафаќањето од ДДВ од 3% на најмалку 6% и од персоналниот данок на најмалку 30%. Актуелни беа и прашањата за општините кои сè уште не преминаа во втората фаза од фискалната децентрализација, особено општините кои имаа големи проблеми со блокираните сметки и оние што немаат соодветни технички капацитети. Беа разгледувани предлозите за измена и дополнување на Сатутот на ЗЕЛС доставени од страна на координативното тело на општинските совети. Беше потенцирано и прашањето за потребата од преземање на соодветни мерки за општините кои не ја плаќаат членарината на ЗЕЛС. Членовите на УО ги разгледаа иницијативите за измена и дополнување на Законот за централен регистар и иницијативите за измени во Законот за комунални такси во делот на утврдувањето на такса за градски паркинг, што беше изготвен со експертска помош од проектот на ЕАР спроведуван преку „Helsinki Consulting Group“. Беше дискутирано за функционирањето на Комитетот на региони и за неискористеноста на средствата предвидени за финансирање на проекти, согласно Законот за рамномерен регионален развој.

Особено внимание им беше посветено на прашањата поврзани со управувањето со земјоделското земјиште и за развојот на руралните општини.

Се реафирмира прашање за исплата на средства, произлезено од Законот за животна средина, за наплата на надомест за производство на енергија со согорување на фосилни горива. Беше потенцирано и прашањето за упатување барање до Министерството за надворешни работи за добивање дипломатски пасоши на градоначалниците, со цел олеснување на зачестените меѓународни активности на претставниците на локалните власти, а иницирано беше и прашањето за апанажа на градоначалниците. УО на ЗЕЛС разгледуваше и други прашања, меѓу кои измените и дополнувањата на Законот за пожарникарство, прочистениот текст на документот „ЗЕЛС — политики за земјиштето“, а се дискутираше и за актуелни состојби во културата, социјалната политика и за проблемите на општините со ЕВН -ЕСМ.

На 22 декември, на седницата на УО на ЗЕЛС, беа поканети и присуствуваа претставници од Владата на РМ, предводени од премиерот Никола Груевски, на која се говореше за многуте отворени прашања меѓу централната и локалната власт настанати во процесот на децентрализација на власта.

**Надзорниот одбор** на ЗЕЛС има пет члена избрани од Генералното собрание, со мандат од 4 години. НО го контролира извршувањето на одлуките на Генералното собрание и Управниот одбор. Ја контролира законитоста и статутарноста на одлуките на Управниот одбор и Извршниот директор и го контролира финансиското работење и управувањето со имотот на Заедницата. По потреба организира спроведување на ревизија на финансиското работење и на Генералното собрание му доставува мислење за Извештајот за работа и завршната сметка на буџетот на Заедницата и му доставува Годишен извештај за работата. Членовите на Надзорниот одбор избираат претседател на одборот од својот состав.

**Членови на Надзорен одбор:**

1. **Славчо Христов** - претседател на Надзорен одбор, градоначалник на Општина Василево
2. **Слободан Даневски** - член на НО, градоначалник на Општина Свети Николе
3. **Фуат Дурмиши** - член на НО, градоначалник на Општина Маврово и Ростуше
4. **Невзат Елези** - член на НО, градоначалник на Општина Боговиње
5. **Ердуан Исени** - член на НО, градоначалник на Општина Шуто Оризари.



# АКТИВНОСТИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО 2008 ГОДИНА

Членовите на Надзорниот одбор на ЗЕЛС, во текот на 2008 година, меѓу другото го разгледуваа и Извештајот за финансиското работење на ЗЕЛС за 2007 година, пред неговото разгледување од Управниот одбор. Констатираа дека најмногу средства по основ на донација во 2007 година ЗЕЛС добил од СДЦ, а наплатата на членарината не се одвивала според планираните очекувања. Членовите на НО заседоа став да му препорачаат на УО на седница да му посвети внимание на овој проблем и да донесе соодветно решение за негово надминување, односно да изнајде начин да ги задолжи општините кои не ја извршиле својата обврска тоа да го сторат поскоро. Тие го разгледуваа и прашањето за финансирањето на ЗЕЛС по завршувањето на донаторската помош и претпоставената можност за понуда на обуки од страна на ЗЕЛС, како платена услуга за нејзините членки, за јакнење на нивните капацитети. Беше констатирано дека општините треба да предвидат средства за ваква ставка во нивните буџети. НО ја усвои завршната сметка на ЗЕЛС за 2007 година констатирајќи дека се работело во рамките на законските прописи и многу домаќински. Во однос на Предлог-буџетот на ЗЕЛС за 2008 година, иако изнесува 85 милиони денари, речиси половина се наменети за набавка на опрема за симултан превод за 29 општини и за ЗЕЛС. Констатирано беше зголемување на трошоците во делот на меѓународна соработка, а донесе и препорака за задолжително осигурување на зградата на ЗЕЛС. Финанскискиот план за работење на ЗЕЛС за 2008 година, членовите на УО го усвоија едногласно.

## КОМИТЕТ НА СОВЕТИТЕ - НОВ ОРГАН НА ЗЕЛС

На Генералното собрание на ЗЕЛС беше изгласан нов орган на ЗЕЛС — Комитет на советите, што претставуваше основ за измени во Статутот на ЗЕЛС. Комитетот треба да овозможи зајакнување на улогата на општинските совети во работењето на ЗЕЛС и афирмација на улогата на советниците. Комитетот го сочинуваат 11 членови од кои претседател и 10 членови кои

се избираат како претставници на регионите во Република Македонија. Нивниот мандат трае две години, а бројот на мандатите за избор на член на Комитетот не може да изнесува повеќе од осум години. При изборот на членовите се води сметка за обезбедување континуитет во работата за политичката, етничката, регионалната и половата застапеност. Задачите на Комитетот се да ја афирмира улогата на Советот на општината, да ја следи проблематиката од функционирање на Советот, да го нагласува активниот придонес на советите во процесот на децентрализацијата, да го зајакнува концептот на развој на граѓанското општество и локалната демократија и друго. Претседателот на Комитетот присуствува на седниците на УО на ЗЕЛС, без право на глас.

## КОМИСИИ НА ЗЕЛС

ЗЕЛС има вкупно 12 комисии, кои ги опфаќаат сите области од надлежност и од интерес на локалната самоуправа. Во текот на 2008 поголем дел од комисиите одржуваа седници на кои се говореше за значајни прашања од областа на локалната самоуправа. Комисиите имаат по осум членови -градоначалници, а во текот на 2008 година дел од комисиите беа проширени и со таканаречени технички членови, претставници од администрацијата на одделни општини од соодветната област. На седниците на комисиите се изнесуваат важни сугестии, забелешки и предлози, кои потоа се разгледуваат од членовите на Управниот одбор. Станува збор за следниве комисии:

### 1. КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

**Претседател:** Џорце Арсов, градоначалник на Општина Кисела Вода

### 2. КОМИСИЈА ЗА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Претседател:** Зоран Заев, градоначалник на Општина Струмица

### 3. КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРА

**Претседател:** Владимир Талевски, градоначалник на Општина Битола

### 4. КОМИСИЈА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**Претседател:** Александар Петрески, градоначалник на Општина Охрид

### 5. КОМИСИЈА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**Претседател:** Стојан Лазарев, градоначалник на Општина Конче

### 6. КОМИСИЈА ЗА е-општини

**Претседател:** Рами Ќерими, градоначалник на Општина Теарце

### 7. КОМИСИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

**Претседател:** Изет Меџити, градоначалник на Општина Чаир

### 8. КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И СПОРТ

**Претседател:** Лефкија Гажоска, градоначалник на Општина Крушево

### 9. КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**Претседател:** Славе Христов, градоначалник на Општина Василево

### 10. КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Претседател:** Љубомир Јанев, градоначалник на Општина Кочани

### 11. КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Претседател:** Роберт Велков, градоначалник на Општина Радовиш

### 12. КОМИСИЈА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

(сите претседатели на Центрите за РРР се членови на Комисијата)

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ЗЕЛС во текот на 2008 година оствари плодна и успешна соработка на меѓународно поле. Активностите беа насочени кон **NALAS** (Мрежата на локални власти на Југоисточна Европа), **CEMR** ( Комората на европските општини и региони), **CoE**, (Советот на Европа, односно Конгресот на локални и регионални власти) и **ALDA** (Асоцијација на агенции за локална демократија).

**NALAS-Мрежата на локалните власти на Југоисточна Европа** е организација која функционира повеќе од 7 години, а е официјализирана во 2004 година во Стразбур, Франција. Првата седница на Генералното собрание беше одржана во септември, 2005 година, во Скопје. Од март 2007 година, NALAS има секретаријат, со кој раководи извршен директор и има пет вработени. Седиштето на секретаријатот е во Скопје, во зградата на ЗЕЛС„Куќата на општините" во приземниот дел. Генералното собрание за 2008 година се одржа во декември, во Тирана (Албанија) на кое активно учествуваа и делегатите на ЗЕЛС. Во изминатата година, во склопот на NALAS се формирани неколку работни единици со кои раководи по една асоцијација - нејзина членка. ЗЕЛС е задолжен за активностите во NALAS, од областа Развој на асоцијациите. Работната задача на оваа единица е да ги воспостави системите за најдобро работење на тренингот за општинските службеници и избрани лица, размени на најдобри практики, воспоставување на соработка на разни структури на вработени во асоцијациите, воведување на системот на стандарди во асоцијациите, размена на искуства во однос на искористување на ИПА-фондовите како и обука и тренинг за тие фондови. Првата работилница, во рамките на оваа работна група, наречена Стандарди во работата, е организирана во ЗЕЛС, каде колегите од другите асоцијации вршеа надзор на работата на ЗЕЛС и дадоа препораки за подобрување, но и многу позитивни оценки. NALAS од 6 до 8 јули во Охрид организираше и прва работилница на одговорните лица за односи со јавност (ПР) и за информатичка технологија (ИТ) на асоцијациите, со цел воспоставување на поинтензивна соработка и размена на информации меѓу Центарот на знаење на НАЛАС (Knowledge Centre) и нејзините членки.



**CEMR - Комора на европските општини и региони** постои повеќе од 50 години, а ЗЕЛС се зачлени на почетокот на 2004 година. Најголемиот дел од активностите на CEMR се финансирани од Европската комисија, па и активностите се насочени најмногу кон земјите-членки на ЕУ. Но, во дел на одредени проекти, многу активно учествува и ЗЕЛС. Може да се издвои проектот за рамноправност на половите во локалната самоуправа, каде како финален производ излезе Декларација за рамноправно учество на жените и мажите во локалната самоуправа, која беше усвоена од Управниот одбор и препорачана до сите општини. На финалната конференција по повод декларацијата, која се одржа во февруари, во Пиза, Италија, учество земаа и трите градоначалнички од Македонија. ЗЕЛС е активно вклучен и во проектот за збратимување на европските општини, за што CEMR направи њеб- страница, а администрацијата на ЗЕЛС направи комплетен превод на македонски јазик. Целта е сите општини во Македонија да можат активно да ја користат оваа алатка во идните процеси на збратимување со европските општини.

**Комитетот на региони на ЕУ.** На 25 јануари на 9 седница на УО беа избрани и именувани 11 претставници во Комитетот на регионите на Европската Унија и нивни заменици. Целта на оваа група претставници на локалните власти е да се оствари поблиска соработка со Комитетот на региони, еден од трите клучни столба на Европската Унија. Формираниот Заеднички консултативен Комитет на Европската Унија и Македонија, веќе одржа два состанока во Брисел.

**Советот на Европа** е институција во која членуваат **47** европски држави. Составен дел на оваа институција е и **CoE- Конгресот на локални и регионални власти,** каде Македонија, преку ЗЕЛС, номинира тројца градоначалници како членови и тројца нивни заменици.

**ALDA** е Асоцијација на агенциите за локална демократија, која е формирана во Стразбур, а седиштето ѝ се наоѓа во Италија. Остварува активна соработка со своите канцеларии отворени во регионот, а седиштето во Македонија се наоѓа во зградата на ЗЕЛС. ALDA и ЗЕЛС во моментот заеднички остваруваат проект финансиран од регионот Долна Нормандија чиј концепт се заснова на заедничка соработка во граѓанското учество, збратимувањето на општините и други активности.

## Официјализирање на соработката на ЗЕЛС со сродни национални организации од регионот

Во 2007 година ЗЕЛС започна со реализација на агендата за официјално зацврстување на соработката со националните асоцијации од регионот, со цел поттикнување и зајакнување на партнерски односи и размена на искуствата од организирањето на локалната власт. Во тој контекст, по потпишувањето на Спогодба за меѓусебна соработка со Постојаната конференција на градови и општини на Република Србија -ПКГО, во јули минатата година и во 2008 ЗЕЛС потпиша спогодби за меѓусебна соработка со:

### Словенечката асоцијација (СОС)

ЗЕЛС и Сојузот на општини на Словенија — СОС, на 17 март, 2008 година, во Марибор потпишаа Спогодба за соработка, што претставува потпишување на прва спогодба на ЗЕЛС потпишана со земја-членка на Европската Унија. Со Спогодбата беше заокружена тесната соработка воспоставена меѓу двете асоцијации во изминатиот период. Конкретно спогодбата предвидува можности за размена на информации и мислења за прашањата поврзани со локалната самоуправа, законски прописи, организирање размени и работни посети на претставници, тела, органи и вработени во двете асоцијации и, се разбира, размена на развојни искуства во реализацијата на реформските процеси на патот кон ЕУ. Спогодбата беше свечено потпишана од претседателите на ЗЕЛС и СОС, Андреј Петров и Франц Канглер, градоначалник на Општина Марибор, а на потпишувањето присуствуваше и амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, Самуил Филиповски.

# АЛБАНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА( ААМ)

ЗЕЛС на 19 април, 2008, во Охрид потпиша Спогодба за соработка со Асоцијацијата на албанските општини —ААМ со што се отвора можноста за заемна поддршка во институционалното јакнење и развој, поттикнување на подготвување и заедничко конкурирање на меѓународни донатори, соработка во имплементирање на разновидни програми од значење за општините, размена на позитивните искуства во спроведувањето на соодветни политики на децентрализација на власта во духот на Европската повелба на локалната самоуправа.

Всушност потпишувањето на Спогодбата е дел од агендата на ЗЕЛС за продлабочување и унапредување на досегашната добра соработка со националните асоцијации со соседните земји и земјите од Југоисточна Европа - членки на NALAS. Спогодбата ја потпишаа претседателот на ЗЕЛС, Андреј Петров и претседателот на ААМ, Рефик Ругеја, кој ја предводеше албанската делегација, составена од повеќе градоначалници кои ја искористија оваа средба и разменија искуства со своите колеги од општините Струга, Гостивар, Дебар и Тетово.



## СРЕДБИ

СОРАБОТКА НА ВЛАДАТА И ЗЕЛС -

# ЗНАЧАЕН УСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА





Управниот одбор на ЗЕЛС, во текот на 2008 година, имаше повеќе средби со владини министри од ресорите во кои општините имаа одредени надлежности. Исто така на 22 декември, претставниците на УО, се сретнаа во просториите на ЗЕЛС со премиерот Никола Груевски, вицепремиерот Зоран Ставревски и министрите за локална самоуправа -Муса Џафери, за финансии - Трајко Славески, за внатрешни работи - Гордана Јанкуловска, за образование - Перо Стојановски, за транспорт и врски - Миле Јанакиески, министерот за труд и социјална политика - Џељаљ Бајрами и министерот за животна средина и просторно планирање - Неџати Јакупи. На оваа средба ЗЕЛС ги презентираше ставовите произлезени од седниците на УО на ЗЕЛС од областите: финансии, образование, урбанизам, рурален развој, култура и други ставови. Беа изнесени барањата на општините за остварување поголема финансиска независност на локалните власти и обезбедување поповолни услови за забрзан напредок на процесот на децентрализација во нашата земја. Особено беше нагласено барањето на ЗЕЛС за зголемување на зафаќањето на процентот од ДДВ, зафаќањето од персоналниот данок и префрлањето на градежното земјиште на менаџирање од локалните власти. На присутните министри им беа поставени и повеќе прашања од актуелни спорни состојби во спроведувањето на надлежностите на локалните власти, како што се ненавременото доставување на согласностите за вработување на наставен кадар во училиштата, неисплаќањето на посмртнините и испратнините, необезбедените средства за одржување на комјутерските училишни мрежи. Се зборуваше и за проблемот со фискализација на пазарите, при што уште еднаш беше потенциран предлогот на ЗЕЛС за одредување соодветна законска рамка за трговските друштва од мал обем. Неизоставно беше отворено и прашањето за разрешување на проблемот со општините кои сè уште не се влезени во втората фаза од фискалната децентрализација и заедничко изнаоѓање начини за апсолвирање на овој проблем.

Потоа се говореше и за донесувањето на националната стратегија за РРР (рамномерен регионален развој), со сите потребни подзаконски акти, како и прашањето околу исплаќањето на законски одредените 1% од БДП за оваа намена. Беше посочено и прашањето за несоодветното третирање на градоначалниците како функционери избрани од народот, за кои не е предвиден никаков надоместок (апанажа) по завршувањето на нивната функција, а беше иницирано и прашањето за дипломатски пасоши. Членовите на Управниот одбор ги запрашаа претставниците од Владата зошто сè уште на ниту една општина не ѝ се префрлени средства од продажбата на градежното земјиште, а беа истакнати и проблемите со катастарот што го има секоја општина и огромните средства што општините треба да ги издвојуваат за добивање на одредени податоци од оваа установа. На средбата премиерот потенцира дека процесот на децентрализацијата на власта е еден од приоритетите на Владата, дека таа прави низа активности со цел општините да можат поуспешно да ги извршуваат преземените надлежности. Тој истакна дека прашањето околу обезбедување помош на општините кои сè уште имаат долгови ќе биде разгледано внимателно во правец на обезбедување средства и поповолни услови на санирање на долговите, а исто така дека ќе биде разгледана и можноста за ослободување од плаќање на одредени катастарски услуги. На средбата беше потенцирано дека соработката се движи во нагорна линија, но дека централната власт треба да има изострен слух за проблемите на ЕЛС. Двете страни се согласија дека соработката треба да се интензивира во одредени области со цел градење силна локална самоуправа и задоволување одредени потреби на граѓаните.

## Средба на раководството на ЗЕЛС со амбасадорот Рикер

Амбасадорот на САД во Република Македонија, Н.Е. Филип Рикер, на 19 ноември, 2008 година, во административната зграда на ЗЕЛС, се сретна со раководството на ЗЕЛС, со претседателот Коце Трајановски и потпретседателите Невзат Бејта и Љубомир Јанев. На средбата беше потенцирано дека континуирано се надминуваат проблемите со кои се соочија општините на почетокот на децентрализацијата, меѓу кои високиот процент на наследени долгови, недоволно обучена администрација за спроведување, законски недоследности и друго. Беше нагласено дека континуирано се лобира и се преземаат голем број активности во правец на подобрување на финансиската независност на општините. Претставниците на ЗЕЛС потенцираа дека ЗЕЛС и општините во изминатиот период добија техничка и финансиска поддршка од голем број меѓународни донаторски организации, што придонесе за континуираното успешно спроведување на процесот на децентрализација, меѓу кои особено значење има и Програмата за развој на американската влада (УСАИД). Амбасадорот Рикер изрази задоволство од реализирањето на оваа средба. Истакна дека ЗЕЛС има огромна улога и одговорност во процесот на децентрализацијата и дека особено е задоволен поради единството што постои во ЗЕЛС, кое треба да претставува пример за сите институции во земјава. Тој во разговорот ја потенцираше и важната улога на општините, градоначалниците и советите во претстојните локални избори со цел тие да се реализираат во фер и демократска атмосфера.



## Претседателот на Собранието на РМ го посети ЗЕЛС

На 14 ноември, во посета на ЗЕЛС, дојде претседателот на Собранието на РМ, Трајко Вељаноски, кој разговараше со претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски и потпретседателот Невзат Бејта за можностите за вклучување на претставници од ЗЕЛС во процесите на донесување на законите од значење за развојот на локалната самоуправа во земјава. Всушност во таа насока ЗЕЛС имаше поднесено иницијатива до Собранието, во неговите рамки да се формира посебна Комисија за локална самоуправа, што треба да претставува матична комисија на локалната самоуправа, во која претставниците од локалната власт ќе имаат можност да се произнесат за законите кои се од важност за децентрализацијата на власта во земјава. Со тоа ќе се обезбеди повисок степен на соработка меѓу локалната власт и законодавниот дом, што ќе биде во насока на донесување квалитетни и практично применливи закони.

Претседателот на Собранието информираше и за процесот на имплементација на новиот Деловник, а особено за работата на утврдените тела на Собранието. Стана збор за моделот на идното функционирање на Комисијата за локална самоуправа како постојано Собраниско тело. Вељаноски, исто така, на средбата потенцира дека досегашната соработка со ЗЕЛС била особено успешна при што изрази благодарност за поддршката и помошта што ЗЕЛС му ја пружи на Собранието при формирањето на канцелариите за комуникација со граѓаните, каде граѓаните имаат можност да упатуваат прашања и да комуницираат со пратениците од нивниот регион.

Средбата заврши со обврзување на двете страни дека соработката ќе продолжи во правец на натамошно обезбедување адекватна законска регулатива за развој на локалната власт.




## Официјална средба со новоименуваниот министер за локална самоуправа

По парламентарните избори раководството на ЗЕЛС, во септември, оствари официјална средба со новиот министер за локална самоуправа Муса Џафери. На средбата беа пренесени ставови на ЗЕЛС за важни прашања од локалната власт и беше побарано Министерство за локална самоуправа да даде свој придонес во нивното разрешување. Како најприоритетни беа посочени 11 ставови и тоа: потребата од формирање парламентарна комисија за локална самоуправа, доделување на градежното неизградено земјиште на управување на општините, јакнење на финансиските капацитети на општините со промена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа придружено со зголемување на зафаќањето од ДДВ и персоналниот данок, надополнување на недостигот на средства во образованието и социјалната заштита, проблемите околу практичната примена на Законот за рамномерен регионален развој, проблемите кои општините и јавните претпријатија

ги имаат со долговите кон ЕВН, како и проблемите со блокираните сметки на општините, нерасчистените долгови од експропријацијата и слично. На средбата се разговараше и за проблемите на руралните општини и можноста тие да добијат дел од средствата од концесиите на земјоделското земјиште, а повторно беше истакнато и барањето општините да имаат увид во давањето на концесиите. Исто така беше побарано од Министерството да се заложи општините да имаат увид во сите концесии издадени од Владата, кои се однесуваат на минерални суровини. Да се регулира, со закон утврдената такса, која треба да се наплати од производителите на електрична енергија и да се уплати на општините. Беше побарано Министерството да ги достави сите технички документации за проектите реализирани од донаторски средства, за кои е одговорно токму тоа.

По исцрпното излагање на претставниците на ЗЕЛС, министерот изрази задоволство од остварената средба и верба дека решавањето на овие проблеми ќе се реализира со заеднички напори, при што ја понуди својата подготвеност да биде најголемиот лобист на ЗЕЛС во Владата на РМ. Изрази согласност во иднина да се консултира со ЗЕЛС, не само околу изнесените прашања, туку и за сите идни евентуални несогласувања.

# АКТИВНОСТИ И ИНИЦИЈАТИВИ

## ПРИФАТЕНИ ИНИЦИЈАТИВИТЕ НА ЗЕЛС ЗА ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Како резултат на континуирани заложби на ЗЕЛС за надминување на неповолните состојби за општините во врска со надоместокот и префрлањето на податоците од Централниот регистар на РМ, на седница на Собрание на РМ, одржана на 9 јули, 2008 година, пратениците ја прифатија доставената иницијатива на ЗЕЛС, за измени и дополнување на Законот за централен регистар. Измената е објавена во Службен весник на РМ на 16 јули, 2008 година. Со оваа одредба, без надоместок, корисници на податоците од регистарот, освен Владата и останатите органи на управата се и единиците на локалната самоуправа.

Со цел наплата на комуналната такса — фирмарина, општините имаа потреба од податоците за компаниите кои се евидентираат во Централниот регистар. За користење на оваа услуга општините беа должни да плаќаат големи износи, согласно утврдениот тарифник на оваа институција. Во услови кога останатите органи и институции на централната власт со законот беа иземени од плаќање на овој надоместок, општините беа доведени во нерамноправна положба и им беше наметната обврска за плаќање на надомест. Со измените оваа обврска е укината и општините со податоците располагаат бесплатно што придонесува кон растоварување на општинскиот буџет.

### Иницирани измени во Законот за градежно земјиште

Како резултат на подолготрајни заложби на ЗЕЛС, во ноември беше донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште со кој општината добива 80%, а државата 20% од средствата од продажбата или закупнината на градежното земјиште што се наоѓа на нејзина територија. Распределбата на добиените 80% од земјиштето што се наоѓа во скопските општини се врши подеднакво (50%:50%) меѓу соодветната општина и Град Скопје, како посебна ЕЛС. Иако со оваа измена се обезбедува општините да добиваат повеќе средства од земјиштето кое се продава или се става под закуп, сепак главниот приоритет на ЗЕЛС и натаму останува општините да управуваат со градежното земјиште на нивната територија.

Комисијата за урбанизам и просторно планирање даваше забелешки и мислења за предлог- верзиите за измени на Законот за градежно земјиште. И решенија во насока на воведување термин градежно земјиште во сопственост на единиците на локалната самоуправа (по теркот на законите на одделни членки на Европската Унија), бидејќи тоа е од особено значење за остварување на надлежностите од локалниот економски развој, како и за креирање на долгорочни развојни стратегии на локалната заедница. Исто така се потенцира сопственоста или управувањето на државното градежно земјиште да се однесува на земјиштето опфатено со урбанистичка документација, а градежното земјиште кое ќе премине во сопственост на локалната самоуправа да може да се отуѓи, да се даде под концесија, да се даде под долготраен закуп, краткотраен закуп и на него да се востановат други стварни права, на начин и услови согласно закон. Беше посочувано дека добиените средства треба да се користат наменски, за усогласување на урбанистичките планови со Законот за просторно и урбанистичко планирање, за изготвување на нови урбанистички планови и за уредување на градежното земјиште. ЗЕЛС се согласува надзорот над целокупната постапка да остане кај државниот орган, надлежен за спроведување на законот.

### Општините да управуваат со градежното земјиште - став на ЗЕЛС

Главниот приоритет на ЗЕЛС е општините да управуваат со градежното земјиште на нивната територија, поради што на предлог на Комисијата за урбанизам, ЗЕЛС нарача изготвување на документ од страна на експерти, „Политика за земјиште на ЗЕЛС — насочена кон европските практики за општинско управување со земјиште“, поддржан од проектот СУДЕП, финансиран од ЕУ, а раководен од ЕАР. Документот се состои од два дела од кои првиот вклучува 17 точки кои накратко ја претставуваат политиката на ЗЕЛС за општинско управување со земјиште како насока за национална модернизација на улогата на општините при управувањето со земјиштето, додека вториот дел се состои од анекси, анализи и основни материјали кои детално ја анализираат локалната ситуација со општинската политика за земјиште, релевантните закони и потреби.

Ставовите на ЗЕЛС одат и во правец на разрешување на проблемите со Државниот завод за геодетски работи, односно побарано е општините да имаат пристап до катастарските податоци и катастарските карти без надоместок и ажурирањето на подлогите да не биде на товар на општините, потоа стапката на данок на имот на годишно ниво да се зголеми со тоа што и државното градежно земјиште ќе се вклучи во имотот на оданочување, како приход на општините и дека повисок данок на имот треба да се воведе за неразвиените урбанистички парцели. Се истакнува дека Министерството за финансии треба без одложување да ја објави постојната состојба со денационализацијата за секоја општина поединечно со тоа што ќе објави колку барања се поднсени, за колку од нив е донесена одлука, а за колку се уште се чека на одлука, како и кога се очекува процесот да заврши во секоја општина при тоа вклучувајќи го и времето потребно за поднесување жалби и постапување по истите. Во однос на зголемувањето на приходите на општините од страна на ЗЕЛС се бара соодносот на распределбата на средствата 80%-20% во корист на општините да се применува и во случаите на приватизација на градежното земјиште и доформување на парцели, а средствата добиени со пренамената на земјоделското земјиште во градежно исто така да се пренесат на локално ниво.

## ЗЕЛС АКТИВЕН ВО ПОДГОТВУВАЊЕТО ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ТРЕТМАНОТ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ГРАДБИ И НЕФОРМАЛНИ НАСЕЛБИ

Комисијата за урбанизам и Управниот одбор на ЗЕЛС во текот на 2008 година особено внимание им посветија на можностите за донесување на законски решенија за третманот на бесправно изградените градби и неформални населби. Врз основа на доставени мислења од експерти и од стручни лица од општинската администрација Комисијата изготви забелешки кои беа презентирани на работните состаноци за изготвување на законот при Министерството за транспорт и врски, согласно програмата за изготвување на законот поддржана од страна на УНДП. Се предлагаше да се утврдат јасни критериуми за легализација и урбанизација на бесправно изградените градби и неформалните населби кои ќе бидат вклопени во закон и да се води сметка на каков начин ќе биде регулирана распределбата на средствата кои ќе се добијат од надоместокот за легализација. Беше побарано прецизно да се утврди кој ќе биде обврзан да ги обезбедува трошоците за изготвување на сателитските снимки и изработката на урбанистичките планови. Општо мислење беше дека се дадени кратки рокови за целосно имплементирање на законот и врз основа на тоа дадена е препорака истите да бидат повторно разгледани и усогласени за целокупната постапка, како роковите за реализирање на обврските на општините, така и роковите на другите институции инволвирани во целата процедура. Укажано беше дека при креирањето на законот потребно е да се води сметка и на социјалниот сегмент на населението, па оттаму и потребата од одредена категоризација, пред сè поради одредувањето на надоместокот потребен за легализација на градбите. Беше побарано да се направи терминолошко усогласување меѓу законите и подзаконските акти, како и да се изготви образложение кое ќе ја објасни содржината на текстот и потребата од донесување на еден ваков закон.



## ОПШТИНИТЕ И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Еден од приоритетите на ЗЕЛС во текот на 2008 година беше разгледувањето на прашањето поврзано со правото на доделување на концесии за земјоделското земјиште и нивното значење за локалната самоуправа. Беше заземен ставот дека Министерството за економија и Министерството за финансии во иднина треба точно да ги назначуваат трезорските сметки каде се упатуваат средствата добиени од концесиите и да се достави список до единиците на локалната самоуправа на сите концесионери, за која суровина имаат добиено концесија и на колкава количина, со цел овие средства да можат да ги планираат во општинските буџети. Особено активна на ова поле беше Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС која континуирано се состануваше и ги разгледуваше проблемите со кои се соочуваа руралните општини. Беше посочен проблемот во образованието, особено превозот на ученици и снабдувањето на училиштата со материјал за огрев предизвикани од континуираното покачувања на цените на огревот во 2008 година. Се разгледуваа и состојбите со нередовното и недоволното снабдување со електрична енергија на овие подрачја. Беше побарано од Владата на РМ да го поддржи барањето на ЗЕЛС упатено до ЕВН- ЕСМ да изврши надградба на мрежата во местата каде се регистрирани нови корисници и реконструкција на мрежата кон планинските села. Беше укажано дека при интервенциите на ЕВН-ЕСМ за замена на столбови за пренос на електрична енергија, да не се менуваат старите столбови на кои има опрема за улично осветлување, без вградување на истата, бидејќи тоа

би претставувало дополнително оптоварување на општинскиот буџет. Општините кои ќе воведат користење на алтернативни извори на енергија да бидат стимулирани со мерки од Владата.

Како проблем беше потенциран и недоволниот број аптеки и здравствени установи во руралните општини. Исто така, акцент беше ставен на проблемот со недоволниот број отворени подрачни канцеларии на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Поради недостатокот на подрачни канцеларии оневозможено е населението да добива брза и директна информација за можностите и начините за аплицирање за средства од ИПА и други фондови за развој на руралните средини. Комисијата подоцна го наметна и официјалниот став на ЗЕЛС за можностите руралните општини да управуваат со земјоделско земјиште во сопственост на државата, со цел да се овозможи поуспешно стопанисување и стимулирање на потенцијалните развојни области. Исто така беше истакнато дека е потребно средствата добиени од закупнините и концесиите на земјоделското земјиште да се распределуваат во соодноc 20%-80% во корист на локалната самоуправа. ЗЕЛС бараше утврдување на правната регулатива со која ќе се спречи фрагментацијата на обработливото земјиште, а расцепканото земјоделско земјиште да се даде на управување на локалната самоуправа. Контролата и надзорот во овој случај би останале во надлежност на државата.

Комисијата за рурален развој ја разгледуваше Предлог-уредбата за критериуми за утврдување на рурални подрачја доставена од МЗШВ и го разгледуваше списокот на рурални подрачја, согласно критериумите утврдени во уредбата. Низата активности кои Комисијта ги презеде доведе до воспоставување контакти со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој при што на одржаните заеднички состаноци од страна на Агенцијата беа посочени обврските и надлежностите кои локалната самоуправа ги добива согласно усвоената ИПАРД-програма, која не предвидува директна финансиска поддршка на локалната самоуправа туку е насочена кон поединечна поддршка на апликантите за користење средства од програмата, но од страна на локалната самоуправа сепак е потребно пред отпочнувањето на одредени фази од програмата да бидат изготвени и усвоени Локални стратегии за развој по кои апликантите ќе мора да се водат при изготвувањето на своите проекти за користење на средставата од програмата и да се подготват обрасци за издавање на одредени дозволи, кои ќе бидат составен дел од апликациите.

## Претставници од ЗЕЛС во посета на словеначки рурални општини

Во рамките на обезбедување на размена на искуства и идеи за поголем развој на руралните средини, ЗЕЛС во ноември, со поддршка на МЦМС организира студиска посета за претставници од Комисијата за рурален развој при ЗЕЛС на словеначките општини Бенедикт и Кунгота. Исто така во декември, заедно со МЦМС, ЗЕЛС организира Конференција на тема „Руралните општини и ЕУ поддршката за рурален развој во МК — националните искуства и регионалните практики“, каде беше ставен посебен остврт на искуствата од Република Бугарија. Овие активности имаа големо значење за развивање на идеите и можностите за изнаоѓање и поттикнување на руралниот развој во нашите општини, односно иницијалните идеи во овој правец да бидат поттикнувани од страна на локалните власти. Исто така во декември, ставовите на Комисијата беа изнесени пред новинарите на дводневниот семинар, со цел интензивирање на проблемите и ставовите на руралните општини во пошироката јавност.



# СТАРИТЕ ДОЛГОВИ - ПРЕЧКА ЗА ВЛЕЗ

## ВО ВТОРАТА ФАЗА ОД ФИСКАЛНАТА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ЗА 17 ОПШТИНИ

До крајот на 2008 година, вкупно 68 општини добија преодно мислење од Комисијата за следење и оценка на исполнувањето на условите на општините за преминување во втората фаза, одобрено од Владата на РМ. Состојбите со блокираните сметки претставуваат сериозен проблем за голем број општини да ги исполнат законските услови за втората фискална фаза, но и за остварување на тековните обврски. Во тој контекст, во просториите на ЗЕЛС, на шести мај, 2008 година беа повикани 18-те градоначалници чии сметки се блокирани како и претставници од МФ, предводени од државниот секретар Снежана Милошоска Костовска. Беше потенцирано дека поради блокираните сметки не можат да ги користат и средствата од наменските дотации кои стигнуваат од државата. Во координација со МФ усогласено беше сите општини да обработат посебни сценарија, во кои детално ќе го утврдат основот поради кој се блокирани, потоа очекуваните извршувања врз средствата и очекуваните судски пресуди. Беше побарано МФ да изврши структурирање на долговите по основ на експропријација, настанати пред 1990 година, со цел да се утврди во чија сопственост е објектот изграден на тој имот. Општините беа повикани да се обидат спогодбено со доверителите да намалат дел од побарувањата — каматите. Врз основа на утврдените состојби, беше договорено Министерството да донесе соодветни решенија со кои ќе се утврди висината на бескаматниот кредит наменет за исплата на долгот на секоја општина поединечно. Средствата согласно утврдените износи за секоја општина поединечно беше усогласено да се пренесат на општините најдоцна до крајот на декември, по усвојувањето на соодветната одлука од страна на Владата на РМ. Меѓу другото, со оваа одлука би се задолжиле и јавните претпријатија во сопственост на државата да се откажат од каматите кон општините, со што дополнително ќе се намали долгот. Во правец на остварување на целта сите општини до крајот на годината да минат во втората фаза од фискалната децентрализација беше организирана и Конференција на претставници од МФ и експерти и се разговараше за проблемите и можните решенија во овој домен.





ЗЕЛС, Програмата за локална самоуправа на УСАИД и ЗФРЛ, во март 2008 година, потпишаа Меморандум за соработка за креирање на електронска база на податоци за општините во областа на финансиите. Со создавањето на базата, се креираат алатки со помош на кои ЗЕЛС ќе добие документирана и јасна слика за постојниот систем на финансирање на општините и ќе може да предлага и тестира предлози и решенија за негово подобрување. Со постоењето на ваква база на податоци ќе се овозможи вршење на анализа на општинските финансиски и други соодветни податоци, споредба на информациите меѓу општините во определени временски периоди, како и симулација на ефектите од разни предлози и решенија. Оваа база ќе овозможи зајакнување на позицијата на ЗЕЛС пред централната власт, при изнесувањата на ставовите и барањата за поголема финансиска стабилност на општините. Општините активно учествуваа и соработуваа со ЗФРЛ при собирањето на податоците. Ваквата база на податоци претставува основа, која во континуитет ќе се надградува со цел креирање релевантни податоци за финансиската состојба на локалните власти во нашата земја. Во мај, во Клубот на пратениците во Скопје, беше одржана првата работилница која го означи почетокот на работата на креирањето на базата. Оваа база на податоци перманентно ќе се надополнува со нови информации.

## ПОСТЕПЕНО ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Имплементацијата на Законот за рамномерен регионален развој во текот на 2008 година се одвиваше со одредени тешкотии. Па така во октомври, во Маврово, беше организирана дводневна средба, поддржана од ГТЗ-РЕД, на која присуствуваше раководството на ЗЕЛС и претседателите на осумте планско развојни региони. На состанокот се разменија искуства и се изградија ставови и стратегии за понатамошно заедничко дејствување и спроведување на Законот за РРР. Во структурирањето на планските региони вклучени се меѓународни донатори, кои им помагаат на регионите во нивното конципирање, како во однос на администрацијата, така и во однос на изготвувањето на потребните документи и стратегии за дејствување. Југоисточниот и Источниот регион започнаа со активности на ова поле уште во 2005 година со поддршка и помош од ГТЗ, што е една од причините што овие региони имаат голема предност во однос на останатите. Искуствата што ГТЗ ги имаше во овие два региона, во 2008 година започна да ги пренесува и во Полошкиот и Југозападниот регион.

Пелагонискиот регион го поддржува ПРЕДА, домашна организација финансирана од СДЦ, а Вардарскиот регион доби помош од УНДП. Се очекува во 2009 година Скопскиот регион да добие поддршка од УСАИД. Претседателите на планско развојните региони во РМ на средбата укажаа дека задолжително треба доследно да се спроведуваат законските одредби, да се донесат стратешки документи и подзаконски акти за спроведување на Законот за РРР. Се дискутираше неискористените средства издвоени за регионален развој за 2008 година (во МЛС и Бирото за регионален развој) да се пренаменат за Центрите за развој на планско развојните региони. Беше нагласено комуникацијата меѓу МЛС - Сектор за регионален развој и Советите за развој на планско развојните региони да биде директна, а не посредна




преку други организации и да се подобри вертикалната координација во областа на регионалниот развој. Во Комисијата за избор на проекти да има член-претставник од ЗЕЛС. Беше констатирано дека генерално постои недостиг од капацитети за регионален развој, од што произлегува потребата за градење на соодветни капацитети и институционализација на обуките за регионален развој. ЗЕЛС понуди институционализацијата на обуките за регионален развој да биде во рамките на ЗЕЛС. На средбата беше потенцирано дека ЗЕЛС ќе има значајна улога во процесот на институционализирање на сите аспекти на воспоставување рамномерен регионален развој во земјава. На 13. седница на Управниот одбор на ЗЕЛС беше формирана посебна Комисија за регионален развој која ја сочинуваат претседателите на планско развојните региони од Македонија и членови на раководството на ЗЕЛС. За работењето на оваа Комисија беше побарана поддршка од ГТЗ-РЕД.

Кон крајот на годината Националниот совет за регионален развој на одржаната седница на која, според критериуми за утврдување на степенот на развиеност на осумте региони и процентот што ќе го добива секој од нив од средствата наменети за рамномерен регионален развој, одлучи дека Североисточниот регион е најнеразвиен регион во државата и затоа од 2009 година ќе добива најмногу пари наменети за рамномерен развој, односно 16,7 отсто од средствата. Најмалку пари или 6,4 проценти ќе добива Скопскиот регион, кој се смета за најразвиено подрачје. За Вардарскиот регион коефициентот е 13,5 отсто, за Источниот 14 проценти, Југозападниот ќе има 13 отсто, Југоисточниот 10,6 проценти, Пелагонискиот 12,9 и Полошкиот 13 проценти. Според министерот за локална самоуправа Муса Џафери, средствата за рамномерен регионален развој треба да достигнат еден процент од БДП. На овој начин ќе можат и понеразвиените подрачја да решат инфраструктурни, комунални и други проблеми од сопствениот развој.



# УСПЕСИ И НОВИ **ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО**

Локалните власти во текот на 2008 година постигнаа многу успеси во областа на надлежностите во образовната сфера. Беа реновирани голем број училишта од сопствени и со средства од донатори, се воведуваа стандарди за енергетска ефикасност, беше направена реонизација и реорганизација на училишните мрежи во одредени општини, а стратегиите во областа на образованието, се правеа во согласност со потребите на пазарот на трудот во општината и локалниот развој. Но, исто така, општините се соочија и со нови предизвици, особено со воведувањето на средното образование како задолжително. Со цел надминување на истите ЗЕЛС донесе одредени ставови од областа на образованието кои беа изнесени и на неколку средби организирани со министерот за образование и други одговорни лица во МОН. Беше укажано дека е потребно во Буџетот на РМ да се предвидат повеќе средства за образованието, поради зголемените цени за огрев на училиштата, но и за нивно одржување. Во однос на исплаќањето на надоместокот за превоз на средношколците, општините добиваа голем број забелешки од начинот како тоа го организираше МОН, па од следната година оваа надлежност (како што впрочем и требаше да биде) комлетно ја преземаа општините. Беше иницирано и прашањето за исплаќање на средствата за испратнини и за починат член на семејството ( општините кои преминаа во втората фаза од фискалната децентрализација ги добиваа блок-дотациите). ЗЕЛС собра информации од сите општини за исплатените испратнини и ги достави до МОН за нивно рефундирање. Особено нагласен беше проблемот за добивање на согласности за испразнети работни места, за што беше побарано од МОН да се формира работна група во која ќе има претставник од ЗЕЛС, со цел промена на досегашните процедури за давање, односно добивање на согласности и обезбедување ефикасност во наставниот процес. Беше побарано да се почитуваат законските процедури и наставниците кои долги години работат на определено време да добијат вработување на неопределено време. Од МОН беше најавено дека за следната година за капитални инвестиции во образованието се предвидени 700 милиони денари, а ЗЕЛС инсистираше активно вклучување во процесот на распределба на овие средства, за што општините доставија листа со утврдени приоритети за нивните училишта .

## НЕДОСТАТОК НА ЛЕКАРСКИ СЛУЖБИ ВО ПОМАЛИТЕ ОПШТИНИ

Надлежностите на општините во областа на здравството не се големи, но се многу значајни особено за помалите општини. Во нив недостасуваат здравствени установи, особено амбуланти од општа пракса поради што граѓаните се соочуваат со сериозни проблеми. Затоа и Комисијата за здравство при ЗЕЛС им посвети внимание на многу прашања од оваа област, меѓу кои за итната медицинска помош и недостатокот на лекарски служби и аптеки во руралните средини поради малиот број пациенти. Беше укажано дека треба да се направат специјални критериуми за лекарите од општа пракса кои ќе ординираат во руралните средини (повеќе бодови, можност за помал број пациенти...) со цел да им се обезбедат поповолни услови да отвораат амбуланти и во овие средини. Исто така беше истакнат и предлогот фармацевтите со средно образование да можат да отвораат аптеки во руралните средини. Беше укажано дека ЗЕЛС треба да побара итната медицинска помош да се префрли и на локално ниво и беше дадена препорака да се постапи согласно новите законски измени во здравствената заштита, во јуни 2008 година (член 41), да се формираат комисии за здравство во сите општини, а беа известени градоначалниците да се поведе иницијатива за отворање канцеларии на комисиите за унапредување на правата на пациентите.

## ПРОБЛЕМИ СО ПРЕФРЛАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Локалните власти со децентрализацијата ја добија и надлежноста во областа на културата, чија реализација се одвиваше со одредени застои и проблеми. Особено се јавуваа проблеми околу префрлањето на спорните објкети во областа на културата на локално ниво. Комисијата за култура на своите седници дискутираше за овој проблем при што го разгледа и Прегледот на објектите во општините, што Министерството за култура го достави до ЗЕЛС. Беше забележано дека за спорните објекти треба да се испрати известување до општините кои треба да спроведат постапка за решавање на имотноправните односи за истите објекти, односо да ја приберат потребната документација и да ја достават до Министерството за култура, а ЗЕЛС достави мислење до МК, дека средствата за премерот што треба да го изврши Државниот завод за геодетски работи на имотот на овие установи, да го покрие Владата со цел да не се создадат дополнителни трошоци за општините. ЗЕЛС, исто така, достави предлог до Министерството за култура за формирање стручно тело кое ќе работи на прераспределба на објекти, институции, проекти од областа на културата од неколкуте инволвирани страни: претставници од Град Скопје, директори или раководители од спорните објекти, претставник од ЗЕЛС, претседателот на Комисијата за култура при ЗЕЛС, од Катастар и од Министерство за култура.

## КОНФЕРЕНЦИИ И НАСТАНИ

# СВЕЧЕНО ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА „КУЌАТА НА ОПШТИНИТЕ“

На седми март 2008 година, ЗЕЛС по 36 години од своето постоење доби свој сопствен објект „Куќа на општините”. Точно во 10 часот, на улица „Женевска” 6б, во населбата Тафталиџе 2, во Скопје, беше пуштена во употреба новата административна зграда на ЗЕЛС, во присуство на голем број градоначалници, претставници од советите на општините и општинска администрација, претставници од централната власт, од странските амбасади во нашата земја, потоа од меѓународните организации чии прокети се однесуваат на поддршка на процесот на децентрализација во земјава, од невладиниот сектор, претставници од медиумите и други бројни пријатели на ЗЕЛС.

Свечената лента ја пресекоа претседателот на ЗЕЛС, Андреј Петров и еврокомесарот, Н.Е. Оли Рен, кој со своето присуство уште еднаш ќе ја потврди поддршката што Европската Унија ѝ ја дава на нашата земја на повеќе полиња, меѓу кои и на полето за успешно спроведување на процесот на децентрализација. Всушност финанисрањето на изгадбата на „Куќата на општините” беше целосно покриено со средства од Евпопската агенција за реконструкција. На присутните градоначалници честитки за новите простории им упати еврокомесарот Н.Е. Оли Рен, кој истакна дека ЗЕЛС имаа важна улога во процесот на децентрализација, особено при реализацијата на задачата да обезбеди дијалог меѓу општините и централната власт и да претставува форум за дискусија на градоначалници од различни националности и партии. Во името на Владата на РМ говореше







вицепремиерката за евроинтеграции Габриела Коневска-Трајковска, која изрази надеж дека досегашниот партнерски однос меѓу Владата и ЗЕЛС ќе продолжи и понатаму и дека очекува активна соработка на општините во користење на фондовите на ЕУ. Огромно задоволство, што после 36 години единствената национална асоцијација на општините во РМ — ЗЕЛС доби сопствен дом, во кој ќе се собираат претставниците на општините и ќе решаваат заеднички проблеми, изрази и претседателот на ЗЕЛС, Андреј Петров. При тоа тој им се заблагодари на сите институции кои помогнаа во изградбата, особено на ЕУ која преку ЕАР издвои 800 илјади евра и во целост ја финансира изградбата. Земјиштето на кое е изграден објектот го додели Владата на РМ на долготраен закуп без надомест, а Советот на Град Скопје и Советот на Општина Карпош донесоа одлуки за ослободување од наплата на комуналиите.

Објектот располага со подрум, приземје, кат и потпокрив, односно со вкупна површина од 1.100 м2. Тоа е модерна зграда на чиј покрив се поставени сончеви ќелии кои ќе произведуваат електрична енергија. Во потпокривот, пак, се наоѓа конференциска сала, во која ќе се одржуваат седниците на Управниот одбор на ЗЕЛС и на Генералното собрание на ЗЕЛС. Проектот го изготви проектантската куќа „ИНПУМА", а по спроведениот меѓународен тендер, изведувач на градежните работи беше ГП „Бетон".



# КОНФЕРЕНЦИЈА - ТРИ ГОДИНИ ОД ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА

По повод три години од децентрализацијата на власта во Република Македонија, ЗЕЛС со поддршка на ОБСЕ, на четврти декември, во Охрид организира Конференција на која во присуство на голем број градоначалници, советници, претставници од централната власт, амбасадори и странски донатори беше направена ретроспектива на постигнатите резултати, беа сумирани позитивните и негативните искуства од изминатите три години, а главен акцент беше ставен на предизвиците за постигнување на што поголема финансиска независност на општините. Беше потенцирано дека ЗЕЛС активно работи на лобирањето за измени на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, како и на лобирањето за утврдување на поповолни услови за враќање на долговите на петнаесетината општ-





ната децентрализација. Беа потенцирани и главните предизвици на локалните власти за следниот период: зголемување на зафаќ ањето од ДДВ, зголемување на процентот од зафаќањето од персоналниот данок и градежното земјиште да го менацираат општините.

Шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Џорџо Радикати во својот говор рече дека потврда за успешен развој на децентрализацијата се резултатите добиени од истражувањето на Одделението за административен развој при Мисијата, каде анкетираните граѓани во голем процент потврдуваат за квалитетното и совесно спроведување на сите шест надлежности на општините, опфатени во истражувањето. Амбасадорот на САД, Филип Рикер укажа дека САД и понатаму ќе бидат поддржувачи и помагачи на развојот на локалната власт и демократијата во Македонија при што особен акцент стави на одговорноста на локалните лидери -градоначалниците во претстојните локални избори, во март 2009 година. Огромниот успех за воспоставениот дијалог меѓу локалната и централната власт, според амбасадорот на ЕУ во Македонија Ерван Фуере, му припаѓа на ЗЕЛС, при што потенцираше дека треба да се интензивираат и процесите за полесно добивање и искористување на европските фондови, зајакнување на меѓуопштинската соработка, како и меѓуграничната соработка, кои се од клучно значење за приближување на нашата земја кон европското семејство. На Конференцијата, задоволство од досега постигнатите резултати на локално ниво изрази и францускиот амбасадор Бернар Валеро. Шефот на Швајцарската агенција за соработка и развој, Роман Дербелај, пак, во својот говор се фокусира на легимитетот што ЗЕЛС го ужива кај своите членки и централната власт, што претставувало сатисфакција швајцарската влада да даде директен придонес во буџетот на Заедницата и да овозможи таа полесно да се приспособува и фокусира на решавање на актуелните важни проблеми и потреби на единиците на локалната самоуправа во нашата земја.

# ОБУКИ, ПРОЕКТИ...




## ПРОЕКТ „ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА“

Проектот „Поддршка на процесот на децентрализација“ ЗЕЛС го реализираше преку две компоненти. Низ примери на добра практика во финансиското работење и планирање треба да се остварат предуслови за влез во втората фаза од фискалната децентрализација и на општини кои сè уште не ги исполниле потребните услови. Па така, пријавените општини Виница, Врапчиште, Делчево, Демир Капија, Другово, Желино, Крива Паланка, Кривогаштани, Пласница, Ранковце и Чашка добија обуки за финансиски менаџмент и буџетирање. Финансиските работници од овие општини беа обучени на самото работно место, во општината, од страна на стручни лица. Интересно беше што стручните лица всушност се претходно избрани од администрацијата на ментор-општините, (општини кои веќе преминале во втората фаза од фискалната децентрализација). Беше спроведена анализа за тековната состојба и потреби на овие општини и направена проценка од страна на експертите по што беа подготвени работни планови со пакет-активности кои треба да се преземат во секоја општина поединечно. До месец април во проектот учествуваа и општините Сарај, Кавадарци и Демир Хисар, но со исполнување на условите и добивање преодна оценка од Комисијата за следење и оценка на исполнување на условите за преминување во втората фаза од фискалната децентрализација, потврдена и од Владата на РМ, задоволни го напуштија проектот. Проектот опфати и дополнителни работилници за финансиски менаџмент и буџетирање за општините кои не се пријавија, а беа организирани и чести непосредни средби меѓу претставници од општините и надлежните лица од Министерството за финансии. На 6 јули се одржа голема Конференција, каде во вид на панел-дискусии градоначалниците и претставниците од општинската администрација заедно со претставниците од Министерството за финансии се дискутираше за проблемите и за начините на нивното разрешување. Беше посочено дека, токму поради блокираните сметки, општините не можат да ги користат средствата од наменските дотации кои им стигнуваат од државата, меѓу кои од Фондот за патишта, Фондот за води и други. Тие предложија да се разгледаат можностите за евентуални законски измени и тоа како на Законот за финансирање на ЕЛС така и на Законот за стечај со цел обезбедување минимални средства за нормална работа на општините. Беше побарано МФ да изврши

структурирање на долговите по основ на експропријација, настанати пред 1990 година и да се утврдат злоупотребите и да се запре двојната наплата по основ на експропријација и на денационализација, при што секоја општина во соработка со МФ да направи проверка околу реалните состојби. Беа побарани и одредени ослободувања од долгот кон јавните претпријатија со кои стопанисува државата.

Втората компонента на Проектот се однесуваше на изготвување Прирачник за јавно приватно партнерство. Овој прирачник беше резултат на уочените потреба и огромен интерес за користење на европските практики во имплементација на јавно приватното партнерство од страна на општините. Пред изготвувањето на прирачникот беше организирана Конференција на која присуствуваа голем број градоначалници и општинска администрација каде неколку експерти од оваа област детално ги презентираа нашите законски можности за примена на ЈПП како и европските практики во ЈПП. Потоа беше направена анализа на приоритетите на општините и истакнати најсоодветните модули на ЈПП применливи во соодветни области.



# ЗЕЛС ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ОПРЕМА ЗА СИМУЛТАН ПРЕВОД ЗА 29 ОПШТИНИ

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија — ЗЕЛС, за 29 општини од земјава, во кои населението е составено од повеќе етнички заедници, започна постапка за обезбедување опрема за симултан превод. Со инсталираната опрема ќе се обезбеди двојазично или трујазично симултано преведување на седниците на општинските совети, во зависност од застапеноста на етничките заедници во конкретната општина. Поточно општините Гостивар, Крушево и Чучер-Сандево ќе добијат опрема за тријазично преведување, а можности за двојазичен превод ќе имаат општините Бутел, Сарај, Чаир, Шуто Оризари, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Дебар, Долнени, Желино, Зелениково, Кичево, Куманово, Липково, Маврово-Ростуше, Петровец, Пласница, Сопиште, Струга, Студеничани, Теарце, Тетово, Центар Жупа, Чашка и Зајас. Опрема за симултан превод ќе биде инсталирана и во просториите на ЗЕЛС.

На овој начин ќе се олесни спроведувањето на уставно загарантираните права на граѓаните од етничките заедници, за изразување на мајчиниот јазик, каде процентот на застапеноста на етничкото население е поголем од 20% од вкупниот број жители во општината. Опремата ќе биде инсталирана во општинските конференциски сали во кои се одржуваат седниците на Советот на општината, а истата ќе ја користат и општинските комисии за односи меѓу заедниците што се поддржани од ЗЕЛС.

Набавувањето на опремата е во рамките на Проектот „Самостојност на ЗЕЛС и услуги“, поддржан од Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ) за што се издвоени вкупно 39 милио-

ни 955 илјади денари. На почетокот на 2008 година, ЗЕЛС ангажираше експерти од Европската Унија кои направија увид во општинските простории каде ќе биде извршена инсталацијата по што на општините им доставија техничка документација со насоки какви измени и приспособувања треба да направат пред започнувањето на инсталирањето. Трошокот за адаптацијата на просторот го финасираат општините од сопствениот буџет.

Во текот на 2008 година, ЗЕЛС ја спроведе тендерска постапка, со помош на Комисија за јавни набавки, составена од градоначалници, претставници од СДЦ, ОБСЕ и Министерството за локална самоуправа. За изготвување на тендерската документација и за евалуација на понудите беше ангажирана компанијата Crown Agents. Повикот за прибирање на понудите беше објавен на 27 август 2008 во Сл. Весник на РМ, Службеното гласило на Европската Унија и во Бирото за јавни набавки на Р.М., како и на веб- страницата на ЗЕЛС и на СДЦ. На 27 октомври, во ЗЕЛС беше одржано јавно отворање на вкупно пристигнатите четири понуди. Комисијата по редовната постапка и добивањето на извештајот за евалуација на понудите, извршено од Crown Agents ги избра АД „Македонски Телеком" — за испорака на опремата за симултан превод и „Дуна" - за кабините за преведување. Во првата половина на 2009 година се очекува да започне инсталирањето на опремата во сите 29 општини.

## ПРОГРАМА „НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ"

ЗЕЛС во текот на 2009 година ја имплементираше и Програмата „Најдобри практики" во соработка со Европската Унија, преку ЕАР, Советот на Европа, УСАИД/Програма за локална самоуправа и МЛС. Целта на Програмата беше да се пронајдат добрите примери во работењето на локалната самоуправа, тие да бидат јавно претставени и да послужат како добар пример кој може да се искористи и примени и во другите општини. Со реализацијата на оваа Програма се поттикнува подобрувањето на квалитетот на услугите на локалната власт, се мотивираат локалните власти за постојано усовршување во работата, се истакнуваат позитивните примери од локалната власт, се промовираат иновации во работењето, се зголемува самодовербата на локалната власт. За учество во Програмата се пријавија 18 општини, со 43 апликации од кои се избираа најдобрите пракси во три тематски области: 1. Зголемување на квалитетот на услугите во процесот на децентрализација 2. Промовирање на учеството на граѓаните во процесот на донесување на одлуки и 3. Финансиски менаџмент — зголемување на изворите на приходи на општините. За најдобри беа прогласени шест примери, по два од секоја област и тоа Општина Долнени со „Промовирање на учество на граѓаните во донесувањето одлуки", Општина Охрид со „Управувачки информативен систем за евиденција, регистрација, категоризација на сместувачките капацитети и следење на уплатата на туристичката такса во основните и во комплементарните сместувачки капацитети", Општина Струмица со „Реконструкција и надградба на градски Пазар", општините Василево, Босилово и Ново Село со „Основање заеднички административни тела", Општина Вевчани со „Реконструкција на водоводната мрежа — нов систем за дистрибуција и за контрола на испораката на вода" и Општина Велес со „Делегирани надлежности". Истите беа јавно промовирани на јавна церемонија, по што беа обучени како најдобро да ја претставаат практиката во јавност и да им



помогнат на општините што ќе одлучат да ја имплементираат практиката во нивната општина. Овие шест општини потоа секоја посебно организираше „Отворени денови“ во општината и ги запозна поканетите колеги од останатите ЕЛС со спроведувањето и ефектите од нивната практика. Со цел што поголема дисеминација на најдобрите практики, ЗЕЛС публикуваше Прирачник, во кој се содржани сите пристигнати апликации за избор на најдобри практики, а сите информации исто така се ставени на веб-страницата (www.zels.org.mk)



## „Етика на локално ниво“

„Етика на локално ниво“ е Проект, што го имплементираше ЗЕЛС со експертска поддршка на Советот на Европа, ЕАР и Министерството за локална самоуправа. Проектот официјално започна со кампањата „Кон транспарентна општина“ преку ТВ-спотовите кои се прикажуваа на три национални телевизии, по што се пријавија за учество 12 општини. Беа испечатени и флаери и постери на македонски и на албански јазик, како и брошурата „Кон транспарентна општина“ во која беа објаснети програмата, бенефитите, начините на пријавување на општините, прашалникот за самоевалуација. Пријавените општини требаше да ги исполнат шесте европски етички стандарди, за што беа организирани и неколку консултативни работилници со учество на домашни и странски експерти со цел полесна имплементација на програмата од страна на општините- учеснички. Во јуни беше направена втора самоевалуација од 11 општини, што ја потврди утврдена Комисија, која потоа избра шест најдобри општини кои како награда добија студиско патување во Полска. Таму тие се запознаа со начините на кои оваа програма е спроведувана во нивните општини. Посетата се случи од 13 -20 јули на која учествуваа по двајца претставници од секоја општина-победничка, градоначалници и лица од администрацијата кои разменија искуства со нивните полски колеги. Во септември и октомври беше спроведена последната фаза од Програмата, каде претходно утврдени тимови во период од 2-3 дена ги посетија општините-победнички и го утврдуваа нивото на примена на етичките стандарди, начинот на исполнување на задачите и утврдувањето на најдобрите практики, по што беше изготвен и Извештај за секоја општина поединечно, со детален приказ за состојбите во општината и истиот беше прикачен на нивните интернет-страници. На завршната конференција што се одржа во декември во присуство на градоначалници, донатори и други гости, шесте најдобри општини добија сертификати и тоа: Битола за стандардот Транспарентност, Штип за стандардот Нулта толеранција за корупција, Центар за Учество на граѓаните, Струмица за Професионалност, Чашка за Отчетност и Велес за Добро раководење.



## Програма за лидерски стандарди

Програмата за „Лидерски стандарди" што ЗЕЛС ја имлементира во рамките на Проектот „Лидерски стандарди и избор на најдобри практики" во соработка со Советот на Европа и ЕАР, продолжи и во 2008 година. Во рамките на Програмата беше организирана обука за обучувачи за унапредување на лидерските способности на 20 пријавени претставници од општините. Обуката ја спроведоа експерти од Советот на Европа. Потоа беа составени тимовите-оценувачи кои ги анализираа состојбите во првопријавените шест општини-домаќини, а тоа беа општините Берово, Радовиш, Чаир, Битола, Виница и Македонски Брод. Одредениот тим во три до четиридневна посета разговараше со градоначалникот на општината, раководители на сектори и одделенија, со претседателот и претставници на Советот, претставници од јавниот сектор - училишта, културни објекти, дел од вработените во општината и други институции од општината, невладини организации, претставници на месните заедници, локални бизнисмени. Потоа се направени извештаи за секоја општина посебно, во кој се проценети лидерските способности на вработените во општината, утврдени јаките страни врз основа на согледаните и добиени информации од разговорите и дадени се некои препораки за подобрување на работата и управувањето со општината. Овие извештаи се ставени на веб-страниците на општините. Потоа беше организирана дводневна работилница на која учествуваа по два до три претставници од секоја општина-домаќин, кои работеа на подготвување планови за подобрување на лидерските стандарди и идните чекори што општините треба да ги реализираат согласно извештаите. Овие планови подоцна беа дадени на усвојување на општинските совети и истите беа промовирани на завршна конференција на програмата „Етика на локално ниво" и „Лидерски стандарди", кога беа доделени и признанија за учество на општините —домаќини. Програмата „Лидерски стандарди" ги зајакнува капацитетот на општинската администрација за управување со надлежностите на локалната самоуправа и капацитетите за водството на општината, како заедница во целина. Лидерските стандарди ќе им овозможат на локалните власти да пристапат кон ефективноста во три главни насоки — лидерски способности, обезбедувње услуги и учество на граѓаните.

## ЗЕЛС АКТИВЕН ВО ЗАЦВРСТУВАЊЕТО И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА КОМИСИИТЕ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

Активностите на ЗЕЛС поврзани со зацврстувањето и унапредувањето на положбата и функционирањето на комисиите за односи меѓу заедниците, формирани во 29 општини, продолжи и во 2008 година, со финансиска поддршка на СДЦ, од Компонентата за поддршка на комисии.

На седми октомври, во просториите на ЗЕЛС беше одржана средба меѓу претставници на советите за меѓунационални односи од општини од Република Србија со претставници од општинските комисии во Република Македонија. Претставниците од Србија разменија искуства и се запознаа со активностите на комисиите во нашите општини, начинот на кој локалните власти ја организираат нивната работа, земајќи го предвид етничкиот состав на населението и со постапките за изменување и дополнување на општинските статути во правец на вклопување на комисиите.

Исто така, во текот на 2008 година претставници од комисиите земаа активно учество на средбата одржана со членовите на Комитетот за односи меѓу заедниците при Собранието на РМ, претставници од ОБСЕ и Институтот за развој на заедницата. На оваа средба, меѓу другото, беа презентирани активности на комисиите за достигнување на унифицирано, активно и успешно работење, при што беше констатиран значителен напредок во однос на постигнатите резултати.

На 18 декември, во хотелот „Александар Палас“ во Скопје, ЗЕЛС организира Конференција посветена на „Улогата на комисиите за односи меѓу заедниците во локалната самоуправа“. Во присуство на градоначалници и претседатели на советите на општините во кои има формирано вакви комисии, претставници од етничките заедници во рамките на комисиите, заменик-министерот за локална самоуправа на РМ Фарук Муратоски, претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците при Собранието на РМ Џеват Адеми, координаторот на националната програма поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) Ибрахим Мехмети и други значајни гости се говореше за важноста од зацврстувањето на улогата, положбата и активностите на овие комисии во земјата, а по презентацијата на Сретен Коцески, координатор на програмата за зајакнување на капацитетите на комисиите за односи меѓу заедниците беа утврдени и новите насоки за нивно натамошно активно функционирање.

## Семинари за новинари кои го следат процесот на децентрализација

ЗЕЛС во рамките на Проектот за „Самостојност на ЗЕЛС и услуги“, во 2008 година организира четири дводневни семинари за новинари од националните и локалните медиуми во четири области, кои во овој период од развојот на локалната власт се од особено значење за општините и децентрализацијата во земјава. Па така беа организирани семинарите од областа на образованието, финансирањето на општините, урбанизмот и руралниот развој на темите: „Образованието во локалната самоуправа, проблеми и предизвици“, „Како до поголема финансиска независност на локалните власти“, „Урбанизмот - препреки и предизвици за локалните власти“ и „Рурален развој во локалните заедници“. Семинарите ги организираа соодветните комисии на ЗЕЛС, чии членови пред новинарите ги изнесуваа досегашните активности




на својата комисија, проблемите со кои општините се соочувале во таа област, постигнатите резултати, идните правци на дејствување и одговараа на новинарските прашања. Всушност целта на организирањето на овие семинари е токму непосредно запознавање на новинарите со работењето и активностите на ЗЕЛС, особено во областите кои се особено важни во процесот на децентрализацијата во целата земја, со што би се овозможило новинарите подобро и објективно да ја информираат јавноста за заложбите и целите на единиците на локалната самоуправа. На семинарите присуствуваа претставници од повеќе национални и локални медиуми, електронски и пишани, меѓу кои од „Утрински весник“, „Дневник“, „Нова Македонија“, „Вечер“, Македонската информативна агенција - МИА, неделникот „Форум“, „Македонско радио“, Радио „Канал 77“, „Радио Охрид“, телевизиите МТВ, „А1“, „Канал 5“, „Сител“, „МТМ“, „ТВ Кис“, ТВ „Орбис“, ТВ „Тера“ и други.



## Обуки на членовите на Мрежата на ПР-лицата на општините



Активностите на ЗЕЛС во рамките на воспоставената Мрежа на лица за односи со јавност во општините, продолжи и во текот на 2008 година, во рамките на Компонентата за меѓуопштинска соработка, од Проектот со СДЦ. Беа одржани три дводневни работилници за ПР-лицата на општините на кои беа обработувани повеќе теми, меѓу кои „Историски преглед за ПР, како наука и местото на оваа гранка денес"; „Кризно комуницирање, стратегија и дејствување"; „Значењето на прес-клипингот", а членовите на Мрежата беа запознаени и со активностите на полето на односи со јавност што ги спроведува Националната асоцијација на општините на Република Бугарија - НАМРБ, што ги презентираше советникот за односи со јавност од бугарската асоцијација. На секоја работилница членовите на Мрежата разменуваат информации за активности во своите општини, за проблемите со кои се соочуваат во работењето, бараат совети од своите колеги за решавање или надминување на одредени состојби. Беа изнесени и идеи за понатамошната работа на Мрежата и за неопходноста од надградување на лицата за односи со јавност кои работат во општините. Материјата за односи со јавност е навистина комплексна, постојано променлива и бара лицата за односи со јавност постојано да ги следат промените и современите достигнувања на ова поле. Потребата од континуирано надградување, размената на искуствата со колегите од општините од земјата и европските општини, само ќе придонесе за уште поголемо презентирање на активностите на единиците на локалната самоуправа во нашата земја и поголема застапеност пред јавноста на проблемите, потребите и барањата на локалните власти во процесот на децентрализацијата на власта во земјата. Во текот на 2008 година повеќе пати се состана и Координативното тело на Мрежата на ПР-лицата, каде беше утврдена потребата за продолжување на обуките при што беше констатирано дека тие треба да се одвиваат на две нивоа: основно и напредно, како резултат на различната претходна подготовка и искуство на членовите на Мрежата.

## Проект „Б-интегрирани еколошки дозволи" - прва фаза

ЗЕЛС, во текот на 2008 година, ја спроведе првата фаза од Проектот „Б-интегрирани еколошки дозволи", во рамки на компонентата Меѓуопштинска соработка, финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). Во оваа фаза се одржаа осум дводневни регионални обуки. Секоја обука ги опфати општините на еден од осумте статистички региони во Република Македонија — Југозападен, Пелагониски, Полошки, Скопски, Вардарски, Североисточен, Источен, Југоисточен. По две регионални обуки беа одржани во четири центри — Охрид, Велес, Струмица и Маврово, на кои беа поканети сите општини, а учество зедоа лица од општинската администрација вклучени во процесот на издавање Б-дозволи од 70 ЕЛС.



Целта на обуките беше да се зајакнат капацитетите на општинската администрација во поглед на законската обврска и надлежност на општините за спроведување на процесот на подготовка, издавање, пресметка и инспектирање на процесот поврзан со Б-дозволите.

Од законските и подзаконските акти што се однесуваат на оваа конкретна проблематика беа опфатени: Законот за животна средина (ЗЖС), како рамковен законодавен документ во областа на заштитата на животната средина во Република Македонија, особено во делот на надлежностите на ЕЛС во процесот на спроведување на законските обврски; Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временскиот распоред за поднесување барање за дозвола за усогласување со оперативен план; Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола, и Правилникот за постапката за издавање дозвола за усогласување со оперативен план.

Покрај теоретскиот законски дел, беше обезбеден простор и за анализа на конкретно барање поднесено од Б-инсталација до општината. Секој регион обработи по едно барање за дозвола поднесено од Б-инсталација чие седиште е на територијата на една од ЕЛС во регионот. На тој начин, од пристигнатите апликации во ЗЕЛС, експертскиот тим селектира осум апликации кои беа обработени од стручните лица и учесниците на обуките.

Од констатираните потреби на општинската администрација на обуките произлезе печатеното издание *Практичен водич за издавање на Б-дозволи за интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ).*

## Работилници за општините од сферата на ИТ-технологијата

Во рамките на проектот „Самостојност на ЗЕЛС и услуги“, финансиран од СДЦ, во компонентата за меѓуопштинска соработка, ЗЕЛС презема низа активности, меѓу кои и организирање на работилници од сферата на ИТ- технологијата и нејзиното применување во општините. Беше доставен прашалник до општините да се утврди интересот за учество на нивните вработени во ИТ одделенијата на вакви работилници, што покажа висок процент на заинтересираност кај општините. Потоа ЗЕЛС во октомври и декември, организира две работилници со претставници од општините, на кои присуствуваа и претставници од министерствата за транспорт и врски и информатичко општество. Се дискутираше на темите: „Согледување на потребите на општините во областа на ИКТ“ и „Дефинирање на ИКТ- проекти и презентирање на можни идни решенија“. Посебно внимание беше посветено на обврските за општините што произлегуваат од Националните стратегии за ИКТ, за што ЗЕЛС изрази подготвеност да им помогне и да воспостави интензивна соработка на ова поле. На работилниците беа споделени и практични искуства од делот на ИТ-развојот и понудата на Е-услуги од општините, како и идеи и препораки за разрешување на одредени проблеми во работењето, а беа донесени и предлози и заклучоци за иден напредок и развој на ИКТ во општините, што претставува чекор кон подобрување на општинското работење и на ова поле.



## Милениумските развојни цели имплементирани и во локалните стратегии

Проектот „Градење на капацитети на локално и национално ниво за планирање засновано врз Милениумските развојни цели (МПЦ)“ што го спроведува ЗЕЛС во соработка со УНДП, СНВ и БИМ, продолжи да се реализира и во текот на 2008-та година. Целта на Проектот е вградување на МРЦ во развивањето на капацитетите на локалната власт и локалните економски поддржувачи, како платформа за анализа на социо-економските варијабили, планирачките политики и стратегии, имплементација на проекти и мониторирање и анализа на постигнатите развојни резултати. По изготвувањето на стратегиите за локален економски развој (ЛЕР) во претходната година во општините Брвеница, Демир Капија, Росоман и Македонски Брод, оваа година тие беа публикувани и беше започнат процесот на изготвување на Акциони планови базирани на изготвените стратегии. Нови стратегии за ЛЕР беа подготвувани за општините Чашка, Градско и Лозово. Проектот опфаќаше одржување на планирачки работилници во општините од Вардарскиот плански регион за подготовка на програма за регионален развој. Со цел зајакнување на капацитетите на општинската администрација беа одржани и неколкудневни обуки на тема „ИПА-фондови и локалната самоуправа“ и „Јавно-приватно партнерство предизвик на локалната власт“. Обуките беа наменети за координаторите за локален економски развој. Во рамките на проектот беа преземени и активности за поврзување на националното со локалното планирање и воспоставување на мрежа на линкови меѓу владините институции, министерствата, развојните агенции и невладините организации на начин на подобрување на врските и комуникацијата при што беа контактирани и информирани за целите на проектот. За подобрување на степенот на почитување на човековите права на локално ниво беше публикуван прирачникот подготвен од Институтот за човекови права „Лудвиг Болтцман“ - „Пристап заснован на човековите права во општество во транзиција — искуства од Македонија“. ЗЕЛС активно ги следеше случувањата во областа на локалниот економски развој и континуирано ја надградуваше дата-базата со податоци, што се наоѓа на страницата на web (www.zels.org.mk) наменета за ЛЕР.

## Голем интерес на општините и на граѓаните за Програмата „Форуми во заедницата“

Реализацијата на Програмата „Форуми во заедницата“ поддржана од Швајцарската агенција за соработка и развој, а во соработка со ЗЕЛС и имплементирана од Единицата за координирање на Форумите, продолжи и во 2008 година, како резултат на големиот интерес што го покажаа општините и граѓаните. По успешната реализација на Форумите во претходните осум општини, на 21 октомври, свечено беа потпишани договори за нивна реализација во осум нови општини: Кочани, Битола, Ново Село, Берово, Сарај, Ресен, Долнени и Свети Николе. Досега „Форуми во заедницата“ беа спроведени во: Кичево, Прилеп и Ѓ орче Петров, а во првата половина на 2008 година, таа започна да се реализира и во Струмица, Чашка, Карбинци, Чаир и Дебар. На свеченоста, директорот на СДЦ изјави дека со Програмата се овозможува граѓаните да дадат придонес во општинскиот живот со свои идеи и проекти, а претседателот на ЗЕЛС Коце Трајановски, пак, нагласи дека вклучувањето на граѓаните е од особено значење за општината бидејќи граѓаните знаат најдобро што им е најпотребно и кој проблем треба да добие приоритет во решавањето.

Финансиската поддршка предвидува буџет од 4 милиони швајцарски франци. За секоја општина се формира фонд за



финансирање проекти и активности, чија висина зависи од финансиското учество на општината со свој буџет.

Целта на Програмата е да се поттикне и поддржи учеството на граѓаните во процесот на донесување одлуки и креирање политики на локално ниво. Низ структурирани дискусии, граѓаните и општинската администрација ќе ги идентификуваат приоритетите за развој на општината и заеднички ќе развиваат проекти, од кои, повторно заедно, ќе ги изберат оние што практично ќе бидат реализирани. На тој начин се овозможува јакнење на улогата на граѓаните преку демократски принципи, а општинската администрација се обучува да развива партиципативно и одговорно локално владеење. На форумските расправи граѓаните досега најмногу го издвојуваа решавањето на инфраструктурните проблеми и проблеми од областа на заштитата на животната средина.

Сите активности се презентирани и на веб-страницата на Програмата www.forumivozaednicata.com.mk

# ПРОЕКТ „Кон потранспарентна општина“

ЗЕЛС со поддршка на проектот на УСАИД „Macedonian Local Government Activity“ во октомври 2008 година отпочна со спроведување на шестмесечен проект „Кон потранспарентна општина“. Во рамките на проектот беше изготвено средство (инструмент) за мерење на нивото на отвореност на општината и вклучување на граѓаните во носењето на одлуките. За користење на овој инструмент беше спроведена обука на десет пилот-општини. Проектот опфаќа пополнување на прашалник за отвореност на општината кон граѓаните, односно дали седниците на Советот се отворени, дали се испраќаат соопштенија за јавност, колку интернет- страницата редовно се полни со информации, дали има билтен, информативни табли, граѓански информативен центар, водич низ општината, информативни табли на јавни места, список на најчесто даваните услуги, автоматизирани телефонски информации. Во однос на мерењето на вклученоста на граѓаните во донесување одлуки прашањата се од аспект дали седниците на Советот се отворени за граѓаните, дали има истражувања на општините за општото јавно мислење за неа, истражувања за одделни категории граѓани, дали се спроведувани анкети за оценување на услугите на општината, колкаво е учеството во радио и телевизиски емисии, дали има редовни средби со граѓаните (јавни дебати), средби со месни и урбани заедници, средби со здруженија на граѓани и деловна заедница, приемни денови кај градоначалникот, дали е интерактивна интернет-страницата на општината, дали постои отворена телефонска линија за поплаки и предлози на граѓаните и дали и колку средби општината организира со граѓаните на јавни места. Во овој проект учествуваа општините: Чаир, Долнени, Новаци, Македонски Брод, Пробиштип, Струга, Крушево, Делчево, Пехчево, Кратово.

# РАБОТИЛНИЦИ ЗА ОПШТИНСКИТЕ ПОЖАРНИКАРИ

Во текот на декември, во трите пилот-општини Велес, Битола и Гостивар беа реализирани првите работилници наменети за вработените во противпожарните служби, за општинските лидери и за дел од општинската администрација во правец на развивање на сопствена визија за развој и управување со модерна противпожарна служба, соодветна на локалните потреби. Ова претставува прва фаза од Проектот „Operation Florian Workshop“ што го спроведува ЗЕЛС, во соработка со Operation Florian, добротворна организација од Обединетото Кралство, чии активности се насочени кон подобрување на способностите за справување со пожар и спасување. Во реализацијата на овие работилници, општините дадоа голема поддршка бидејќи правилното организирање на противпожарните служби, кои со процесот на децентрализацијата на власта потпаднаа под општинска надлежност е од големо значење за безбедноста на граѓаните. На работилниците учествуваа и претставниците од Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Противпожарниот сојуз на Република Македонија со цел да се разменат мислења и да се хармонизира функционирањето на општинските противпожарни служби со сите агенции во земјава одговорни за планирање и соработка за сите итни услуги.

Проектот ќе продолжи и во следната година при што се предвидени работилници за претставници од општинските противпожарни служби, како и други активности согласно утврдените цели и приоритети што ќе бидат дефинирани на претходно организираните работилници

# УСОВРШУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИСКАТА МРЕЖА НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ

ЛОГИН-проектот „Поддршка кон воспоставување на информациска мрежа на локалните власти“, поддржан од Институтот отворено општество-Будимпешта, ја отпочна четвртата фаза од својата реализација. Оваа фаза се надгради на претходните три, помогнати од УНДП-Скопје, УСАИД и Отворено општество Будимпешта, а со цел ЛОГИН-базата на податоци да зајакне во својата основна идеја — да се избори до местото на препознатлив извор на документи и информации, достапни преку електронски пат, пред сè, од интерес за локални администрации.

Активностите на проектот се наменети за развивање на неограничен пристап до електронската база на информации од и за 85-те единици на локалната самоуправа во Македонија, како и за други субјекти со интерес од локалната самоуправа. Едновремено, корисниците на ЛОГИН-менито сместено на интернет-страницата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk), можат да дадат придонес во развојот на информациското општество во земјата, стcounting нувајќи и извор на информации кои би обезбедиле свое место во ЛОГИН- базата на податоци.

Целите на ЛОГИН-проектот се:

1. Навремени податоци за промените во националното законодавство, за информации што се однесуваат на новите обврски и надлежности што ги преземаат општините со процесот на децентрализација;

2. Промовирање на ЛОГИН-мрежата и базата на податоци меѓу општините, како и меѓу други целни групи, во насока да им се помогне во координацијата на нивните активности, општините да станат поефективни во своето работење и да ја подобрат својата интеграција во меѓународните мрежи по прашањата за локалното владеење;

3. Обезбедување централен пункт на информирање за новините во областа на можностите за обука и нивната имплементација, за грантови и можностите за финансирање;

4. Охрабрување на аналитички пристап и дискусија по реформските процеси и други важни прашања што се однесуваат на имплементација на новите надлежности и одржување на лесно употреблив електронски форум за дискусија;

5. Обезбедување техничка помош и совет на барање на корисниците;

6. Истражување на дополнителни области од интерес за корисниците.

**ЛОГИН** — четвртата фаза беше комплетирана со внесени 250 документи од секаков вид и формат од интерес за општините во категоријата Библиотека на **ЛОГИН**-менито, промоција на новата алатка Форум како можност за давање сугестии, поставување прашања и иницирање дискусии. Корисникот може да се вклучи во дискусија според категориите наведени во Форумот, а може да предложи и отворање нови категории во кои ќе има отворена дебата за одредени конкретни прашања битни за локалната самоуправа и за процесот на децентрализација во Република Македонија.



# ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ

## МЕМОРАНДУМ СО ЕВН МАКЕДОНИЈА

ЗЕЛС на 29 јануари, 2008 година потпиша Меморандум за соработка со ЕВН Македонија, што претставува рамка во која се утврдени идните правци на заедничко координативно дејствување меѓу овие две институции, сè со цел — обезбедување поквалитетни услуги за граѓаните. Меморандумот го потпишаа претседателот на ЗЕЛС Андреј Петров и претседателот на Управниот одбор на ЕВН Македонија Георг Валднер, во присуство на повеќе градоначалници и високи претставници на ЕВН. Меморандумот ги предвидува условите за исплаќање на заостанатиот долг на општините кон ЕВН, преку склучување поединечни договори за репрограмирање на долгот со секоја општина за фактурирана електрична енергија за улично осветлување, со времетраење од една година. Во случаи на неисполнување на договорените услови, ЕВН Македонија со овој Меморандум ја добива поддршката од ЗЕЛС, за преземање соодветни мерки, односно исклучувања од дистрибутивната мрежа. Со Меморандумот е утврдено дека ЕВН Македонија ќе достави податоци за долговите на секоја општина поединечно. Потоа ЕВН се обврзува да состави список на обврзници по категорија и да ги информира општините за сите нови приклучоци на нови броила во нивната територија, а месечниот износ на прибраните средства, поединечно и кумулативно да го доставува најдоцна до 15-ти секој месец до секоја општина поединечно. Со цел наплата на

данок на имот ЕВН ќе достави податок за вкупниот имот со кој располага во секоја општина. ЕВН Македонија се обврза да обезбеди предуслови за приспособување на уличната мрежа за улично осветлување. Исто така во Меморандумот е предвидено ЕВН Македонија и општините во иднина заеднички да ги следат развојните инвестициски и урбанистички планови и заемно да го усогласат планирањето на просторот и натамошното инвестирање во областа на енергетиката. Истовремено ќе се надмине проблемот со непланско вклучување на мрежата, што сега резултира со неквалитетна испорака на електрична енергија.

## МЕМОРАНДУМ СО СОЈУЗОТ НА ПЕНЗИОНЕРИ

На деветти мај ЗЕЛС потпиша Меморандум за соработка со Сојузот на здруженијата на пензионери со цел да се создадат предуслови за соработка меѓу овие две здруженија и разграноците на пензионерите со општините. Двете страни се задолжија за заемно помагање, а ЗЕЛС се заложи да достави препораки до сите општини да склучат поединечни спогодби за соработка со здружението на пензионери на соодветната општина, во рамките на која ќе вршат планирање на заеднички активности, како и изготвување на програма за изградба на старечки домови, клубови за престој на пензионери и обезбедување на работни простории и канцеларии за потребите на разграноците на Сојузот. ЗЕЛС ќе се залага општините да остварат соработка во координацијата на активностите во насока обезбедување на евиденција на пензиските осигуреници кои имаат потреба од помош во набавката на лекарства, медицинска помош, како и обезбедување на нивна директна помош во зависност од средствата со кои располага општината. Исто така, ЗЕЛС ќе се залага за поддршка на заемното информирање меѓу пензионерите и локалните власти.

## ВЕБ-СТРАНИЦА НА ЗЕЛС

Веб-страницата на ЗЕЛС и оваа година беше континуирано ажурирана со информации од активностите на ЗЕЛС, седници од УО, конференции, прес-конференции, беа пласирани и информации за пријавување на општините на разновидни домашни и меѓународни обуки или настани од значење за локаните власти. Редовно беше прикачено Гласилото на ЗЕЛС, а преку линкови беше овозможен „контакт“ со активностите на општините. Исто така на веб-страницата се поставени и сите публикувани материјали подготвени од ЗЕЛС, како и ЛОГИН-базата со податоци и информации од локалната самоуправа, значајни закони и други акти важни за општините. Кон крајот на годината беше објавен јавен тендер за редизајнирање на веб- страницата со што ќе се овозможи поголема интеракција меѓу општините и ЗЕЛС по електронски пат .





## ГЛАСИЛО

Во 2008 излегоа 9 броја на Гласилото на ЗЕЛС, кое излегуваше во 2.400 примероци. Во Гласилото на 24 страници се презентираат сите актуелни настани во организација на ЗЕЛС, афирмативни текстови од општините и други поважни информативни написи. Се дистрибуира до сите општински советници, градоначалници, членови на Собранието на РМ, Влада на РМ, новинари, јавни претпријатија невладини организации, странски донатори. Се направија напори за обезбедување рекламен простор, при што беше објевен и ценовник за рекламирање, со цел обезбедување на негова самоодржливост.

## МЕДИУМСКА ПОКРИЕНОСТ НА ЗЕЛС ВО 2008 ГОДИНА

Проект „Етика на локално ниво“, имплементиран од ЗЕЛС, а со експертска поддршка на Советот на Европа, Европската агенција за реконструкција и Министерството за локална самоуправа

Проектот отпочна од септември 2007 година, а официјално со пријавување на општините за учество во истиот, со спроведување на кампањата „Кон потранспарентна општина“ во јануари и половината на февруари, 2008 година. Во рамките на кампањата беа испечатени флаери и постери на македонски и на албански јазик и доставени до сите општини, како и во два дневни весника. На националните телевизиии Сител, Канал 5 и АЛСАТ М, се прикажуваше ТВ-спот за пријавување на општините во оваа Програма. Исто така беше отпечатена и брошурата „Кон транспарентна општина“ на македонски, албански и англиски јазик и дистрибуирана до сите општини. Во неа беа објаснети целите на програмата, бенефитите, како и начините на аплицирање и учество, потоа европските етички стандарди и прашалник за самоевалуација.



Во текот на 2008 година беа одржани повеќе прес-конференции во просториите на ЗЕЛС, на кои пред медиумите беа изнесени одредени ставови на ЗЕЛС за важни прашања од областа на децентрализацијата на власта. Во рамките на транспарентно работење, ЗЕЛС ги свикуваше медиумите и даваше изјави за донесените ставови од седниците на Генералното собрание и на Управниот одбор на ЗЕЛС, при започнување на нови проекти и програми, склучување на меморандуми за соработка, по повод одбележувањето на значајни датуми и настани, како „Три години од децентрализацијата на власта во РМ“ и друго. Со цел поголемо запознавање на медиумите со надлежностите и обврските на локалните власти и на целокупниот процес на децентрализација на власта во земјава, ЗЕЛС организира четири тематски семинари за новинарите од националните и локалните медиуми. Оваа активност беше апсолутно прифатена од страна на медиумите, новинарите доаѓаа на овие семинари и тоа придонесе за зголемување на бројот на написи во електронските и пишаните медиуми на теми за локалните надлежности. Во рамките на прокетот „Етика на локално ниво“ ЗЕЛС во јануари и февруари 2008 година спроведе кампања „Кон потранспарентна општина“. Во рамките на кампањата беа испечатени флаери и постери на македонски и на албански јазик и доставени до сите општини, како и во два дневни весника. На националните телевизии Сител, Канал 5 и АЛСАТ М, се прикажуваше ТВ- спот за пријавување на општините во оваа Програма.

# ПУБЛИКАЦИИ

## ПУБЛИКУВАН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2007 ГОДИНА

Со цел презентирање на активностите и достигнувањата што ЗЕЛС ги остварил во текот на една година беше публикуван трет по ред Годишен извештај. Беше издаден во тираж од 200 изданија на македонски, 100 на англиски и 100 на албански јазик, во кои на 36 страници преку текст, бројки и фотографии беше прикажано целокупното годишно работење на ЗЕЛС. Преку графички приказ беше изразено и финансиското работење на ЗЕЛС во кое е видлива финансиската поддршка што ја добива од странските донатори кои во рамките на своите активности спроведуваат проекти за поддршка на процесот на децентрализација во нашата земја.




## Прирачник „Кон транспарентна општина“

Во рамките на Проектот „Етика на локално ниво“, беше отпечатен и прирачник „Кон транспарентна општина“. Истиот беше публикуван на македонски, албански и на англиски јазик и беше дистрибуиран до сите општини. Во него беа објаснети целите на програмата, а особено внимание беше посветено на постоењето на локалната самоуправа во служба на граѓаните. При тоа беше укажано дека таа треба да биде демократска, ефикасна и транспарентна, односно секојдневно да работи според одредени етички критериуми, стандарди и принципи. Во Прирачникот се наведени и начините како подобро да се применуваат етичките стандарди на добро раководење, објаснети се и европските етички стандарди, а исто така се говори и за начините за пријавување и учество на општините во оваа програма, при што е понуден и прашалник за самооценување.




## Избор на најдобри практики во единиците на локалната самоуправа

„Мудрите учат од искуствата на другите“ - тргнувајќи од оваа изрека на Бизмарк, ЗЕЛС подготви брошура преку која ги повика сите општини кои создале иновативно, креативно и практично решение при спроведувањето на одредени надлежности да се пријават и истото да го споделат со другите општини. Во оваа брошура беа потенцирани условите и начинот како да ја презентираат својата добра пракса, поточно што од она што во својата општина го спровеле и создале како иновација ќе може да се применува и во другите општини. Секоја брошура содржеше и посебно ЦД.



## Примери за најдобри практики во локалната самоуправа во Република Македонија

Во оваа публикација се содржани сите добри практики на општините кои евалуационата комисија ги оцени како иновативни и кои можат да послужат како добар пример и за другите општини во земјата. Токму од оваа брошура единиците на локалната самоуправа ќе можат да црпат од искуствата на другите општини при спроведувањето на одредени локални надлежности, бидејќи добрите практики се корисни онолку колку што можат да бидат споделени со другите и применети од другите. Во публикацијата се опфатени три области на добри практики: 1. Зголемување на квалитетот на услугите во процесот на децентрализацијата; 2. Промовирање на учество на граѓаните во донесувањето на одлуки; 3. Финансиски менаџмент - зголемување на изворите на приходи во општината. Публикувањето на добрите примери, освен што ќе овозможи тие да бидат достапни за сите општини и граѓани, исто така ќе претставува и поттик за општините и во иднина да бидат мотивирани да продолжат и натаму со примена на иновативни и рационални активности при спроведувањето на своите надлежности. Публикацијата е испе- чатена на македонски, албански и на англиски јазик.




## Прирачник за дизајн и имплементација на ефективни јавно-приватни партнерства (ЈПП)




Во јануари 2008 година во РМ беше донесен Законот за концесии и други видови јавно-приватно партнерство. Тоа ги отвори вратите за одредено надминување на растечкиот јаз меѓу потребата од инфраструктурни проекти и недостигот од финансиски средства кај јавниот сектор за реализација на тие проекти. ЈПП се јавува како растечки елемент во „набавката” и подобрувањето на јавните услуги. Во тој контекст, наместо вообичаената практика инфраструктурните проекти и вршењето на јавни услуги да се финансира исклучиво од централните или локалните буџети, преку различни модели на ЈПП се овозможува вклучување и на приватниот сектор.

Целта на Прирачникот е да им помогне на општините во РМ стекнатите сознанија да ги употребат во подготовка и реализација на конкретни проекти и да им овозможат на општините и јавните претпријатија да имаат основни разбирања за потребните чекори во реализацијата на ЈПП. Во Прирачникот се прикажани модели на ЈПП, предности и придобивки од ЈПП, форми и начини на реализација, насоки за избор, правна рамка за ЈПП во нашата земја, чекори, процедури на имплементација и примери на ЈПП.

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН

# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС

## ВО 2008 ГОДИНА

| | ПРИХОДИ | Планирано во 2008 година | Реализирано за 2008 година | индекс во однос на планирано |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вишок на приходи од минатата година | 28.054.000,00 | 30.384.897,00 | 108,31 |
| 2 | Членски придонес од општините | 6.063.880,00 | 3.404.326,00 | 56,14 |
| 3 | Приходи од донации | 52.447.600,00 | 34.812.108,50 | 66,38 |
| 4 | Приходи од извршени услуги, закуп и друго | 2.000.000,00 | 830.670,50 | 41,53 |
| 5 | Наплатени приходи од минати години | 5.300.000,00 | 664.933,00 | 12,55 |
| 6 | Приходи од камата, курсни разлики | 250.000,00 | 402.192,50 | 160,88 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **94.115.480,00** | **70.499.127,50** | **74,91** |

| | РАСХОДИ | Планирано во 2008 година | Реализирано за 2008 година | индекс во однос на планирано |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за материјали (канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена) | 3.000.000,00 | 744.945,00 | 24,83 |
| 2 | Трошоци за енергија (струја, парно и друго) | 500.000,00 | 481.930,00 | 96,39 |
| 3 | Трошоци за пошта, телефон | 1.800.000,00 | 777.700,00 | 43,21 |
| 4 | Трошоци за поправка, сервис и услуги | 1.500.000,00 | 377.616,50 | 25,17 |
| 5 | Услуги за дизајнирање и печатење | 4.500.000,00 | 1.770.135,00 | 39,34 |
| 6 | Услуги за превоз | 2.200.000,00 | 1.444.195,50 | 65,65 |
| 7 | Трошоци за репрезентација и реклама | 3.500.000,00 | 836.451,00 | 23,90 |
| 8 | Трошоци за наем на простор и опрема | 150.000,00 | 145.556,00 | 97,04 |
| 9 | Трошоци за дневен печат, службени весници и списанија | 450.000,00 | 16.350,00 | 3,63 |
| 10 | Трошоци за организирање на семинари (патна сметка, хотелско сместување исхрана) | 5.781.000,00 | 5.566.637,50 | 96,29 |
| 11 | Регистрација на возила, премии за осигирување на опрема и возила | 500.000,00 | 166.657,00 | 33,33 |
| 12 | Банкарски  трошоци | 250.000,00 | 84.502,50 | 33,80 |
| 13 | Интелектуални услуги (надокнада за експерти и преведувачи) | 5.000.000,00 | 5.107.686,50 | 102,15 |
| 14 | Трошоци за меѓународна соработка | 5.000.000,00 | 1.631.320,50 | 32,63 |
| 15 | Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 12.430.000,00 | 8.192.644,00 | 65,91 |
| 16 | Набавка на опрема, опрема за симултан превод, возила | 45.408.000,00 | 2.067.765,50 | 4,55 |
| 17 | Резервирање на трошоци за одржување на опрема | 20.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| 18 | Даноци што не зависат од резултат, нег курсни разлики | 80.000,00 | 180.947,50 | 226,18 |
| 19 | Пренос на средства за ЗЕЛС ЕКСПО | 2.046.480,00 | 0,00 | 0,00 |
| 20 | Пренос на средства од проект, поврат на непотрошени | | 736.831,50 | 0,00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **94.115.480,00** | **30.329.871,50** | **32,23** |
| | **ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ** | **0,00** | **40.169.256,00** | |

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2008 ГОДИНА

| Приходи според извори | денари | Учество во вкупни приходи |
|---|---|---|
| Приходи од членарина | 4.069.259,00 | 5,77 |
| Приходи од донации | 34.812.108,50 | 49,38 |
| Приходи од камата и поз курсни разлики | 402.192,50 | 0,57 |
| Приходи од закуп | 472.611,50 | 0,67 |
| Приходи од услуги и други приходи | 358.059,00 | 0,51 |
| Пренесени вишок на приходи од мината година | 30.384.897,00 | 43,10 |
| **ВКУПНО** | 70.499.127,50 | 100,00 |

## ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ОД ДОНАТОРИ ВО 2008 ГОДИНА

| ДОНАТОР | денари | Учество во вкупни приходи |
|---|---|---|
| ОБСЕ | 467.383,00 | 1,34 |
| Британска Амбасада | 1.875.961,00 | 5,39 |
| Министерство за животна средина | 723.000,00 | 2,08 |
| МЦМС | 580.399,50 | 1,67 |
| УНДП | 357.100,00 | 1,03 |
| Совет на Европа | 8.442.733,50 | 24,25 |
| ЛОГИН | 270.467,00 | 0,78 |
| Швајцарска Агенција за Развој и Соработка СДЦ | 21.126.886,00 | 60,69 |
| Холандска Развојна организација СНВ | 270.325,00 | 0,78 |
| УСАИД | 401.134,00 | 1,15 |
| Други | 296.719,50 | 0,85 |
| **ВКУПНО** | 34.812.108,50 | 100,00 |

## Структура на приходи остварени во 2008 година




## Остварени приходи од донатори во 2008 година



| ТРОШОЦИ ВО 2008 ГОДИНА | денари | Учество во вкупни расходи |
|---|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена) | 744.945,00 | 2,46 |
| Трошоци за енергија (струја, парно и друго) | 481.930,00 | 1,59 |
| Трошоци за пошта, телефон | 777.700,00 | 2,56 |
| Трошоци за поправка, сервис и услуги | 377.616,50 | 1,25 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 1.770.135,00 | 5,84 |
| Услуги за превоз | 1.444.195,50 | 4,76 |
| Трошоци за репрезентација и реклама | 836.451,00 | 2,76 |
| Трошоци за наем на простор и опрема | 145.556,00 | 0,48 |
| Трошоци за дневен печат, службени весници и списанија | 16.350,00 | 0,05 |
| Трошоци за организирање на семинари (патна сметка, хотелско сместување исхрана) | 5.566.637,50 | 18,35 |
| Регистрација на возила, премии за осигирување на опрема и возила | 166.657,00 | 0,55 |
| Банкарски трошоци | 84.502,50 | 0,28 |
| Интелектуални услуги (надокнада за експерти и преведувачи) | 5.107.686,50 | 16,84 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 1.631.320,50 | 5,38 |
| Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени | 8.192.644,00 | 27,01 |
| Набавка на опрема, опрема за симултан превод, возила | 2.067.765,50 | 6,82 |
| Даноци што не зависат од резултат, негативни курсни разлики | 180.947,50 | 0,60 |
| Пренос на средства од проект, поврат на непотрошени средства | 736.831,50 | 2,43 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | 30.329.871,50 | 100,00 |

Трошоци во 2008 година




- Трошоци за материјали ( канцелариски материјал, потрошен материјал, средства за хигиена)
- Трошоци за енергија (струја, парно и друго)
- Трошоци за пошта, телефон
- Трошоци за поправка, сервис и услуги
- Услуги за дизајнирање и печатење
- Услуги за превоз
- Трошоци за репрезентација и реклама
- Трошоци за наем на простор и опрема
- Трошоци за дневен печат, службени весници и списанија
- Трошоци за организирање на семинари (патна сметка, хотелско сместување исхрана)
- Регистрација на возила, премии за осигурување на опрема и возила
- Банкарски трошоци
- Интелектуални услуги (надокнада за експерти и преведувачи)
- Трошоци за меѓународна соработка
- Бруто плати, надоместоци и други примања на вработени
- Набавка на опрема, опрема за симултан превод, возила
- Даноци што не зависат од резултат, негативни курсни разлики
- Пренос на средства од проект, поврат на непотрошени средства

## Вработени во ЗЕЛС

